# Стратегија за локален економски развој
# на Општина Штип

# (2019 - 2024)

Н о е м в р и, 2019

# Содржина

**Обраќање на градоначалникот....4**
**I. ВОВЕД ....7**
КОРИСТЕН ПРИСТАП ПРИ ПРОЦЕСОТ НА ПОДГОТОВКА НА СТРАТЕШКИОТ ПЛАН....10
МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ИЗРАБОТКА НА СТРАТЕШКИОТ ПЛАН....10
II. РЕЗИМЕ НА СТРАТЕШКИОТ ПЛАН ....12
III. ПРОФИЛ НА ОПШТИНА ШТИП....13
1. Локација....13
2. Краток историјат....14
3. Природни ресурси ....18
4 Клима и климатски карактеристики....19
5 Релјеф и релјефни карактеристики ....21
6 Почви ....21
7 Вегетација ....22
8 Население ....22
9 Сообраќајна инфраструктура....23
**IV. АНАЛИЗА НА ТЕКОВНАТА СИТУАЦИЈА....24**
1. ОПШТ ПРИКАЗ НА ЕКОНОМИЈАТА И ДЕЛОВНОТО ОПКРУЖУВАЊЕ....24
1.1. Локална самоуправа ....24
1.2. Урбанизам ....25
1.3. Социјални услуги и објекти....26
1.4. Јавни претпријатија....27
**2. ОПШТЕСТВЕНИ ПОКАЗАТЕЛИ ....27**
2.1 Локална даночна политика....27
2.2 Јавни установи ....27
2.3 Водоснабдување и канализација ....28
2.4 Енергетика....32
2.5 Телекомуницации....32
2.6 Банки и други финансиски услуги ....32
2.7 Здруженија на граѓани ....32
3.ЕКОНОМИЈА И БИЗНИС ....33
3.1 Економија....33
3.2 Структура и број на (не)вработени ....34
3.3 Индустрија....35
3.4. Образовен систем....36

3.5 Здравствен систем ..... **39**
3.6.Култура ..... **43**
3.7 Спорт ..... **45**
V. СТРАТЕШКИ ПЛАН ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ 2019 - 2024 ..... **47**
Стратешки приоритети ..... **47**
1. Приоритетна област - Економија ..... **48**
2. Приоритетна област - Образование ..... **50**
3. **Приоритетна област -** Инфраструктура и Животна средина ..... **52**
4. Приоритетна област – Здравство, социјална и детска заштита ..... **56**
5. Приоритетна област - Култура ..... **59**
VI. ДИНАМИКА НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕГИЈАТА ..... **61**
VII. АНЕКС : ..... 63

## Обраќање на градоначалникот

Градот Штип, со најблиската околина, своето богато културно-историско минато го започнува во најраните времиња на човековата историја. Во пишаните документи Штип за првпат се споменува во I век од н.е. во времето на римскиот цар Тибериј /14-37/ година како пеонски град Астибо.

Од почетокот на новата ера, до денес, од Астибо – до Штип, на овие простори се одржувал континуитетот на живеење и развој.

На овие простори денес живееме, тие се наше наследство, наша одговорност за идните генерации. Затоа, развојот на Штип денес го планираме во духот на „Одржливиот развој, развој кој ги постигнува потребите на сегашноста без да ја изложува на ризик способноста на идните генерации да ги задоволат нивните потреби“, свесни дека единствено така ќе ја постигнеме посакуваната визија за Општина Штип како „економски, образовен и културен центар на државата“, односно остварена општина која пред се ја чинат нејзините „одговорни, активни и ангажирани граѓани“.

Документов пред нас, Стратегијата за локален економски развој, е нашата мапа за следните пет години, мапа на патот што ќе не приближи кон нашата визија. Таа е рамка за дејствување, која ги зема предвид расположивите ресурси, пречките, можностите кои водат до кохерентен пристап кон економскиот развој. Во неа се вклучени сите параметри кои имаат значајно влијание врз економскиот развој на Општина Штип, тргнувајќи од основните фактори за стопанисување, па до можностите како расположливи ресурси кои ги нуди Општина Штип, со цел да дојдеме до финалните компоненти: генерирање на стабилен раст кај стопанските субјекти, зајакнување и зголемување на вработливоста кај младите, намалената невработеност, подигање на животниот стандард и позитивните економски перспективи на Општина Штип.

Во следните пет години, Оштината ќе се фокусира на пет приоритети како генерални цели и тоа: Економија, Образование, Култура, Инфраструктура и животна средина како и Здравство, социјална и детска  заштита, а во рамките на сите нив, како области, има поставено повеќе значајни конкретни цели, и тоа дефинирано врз основа на сеопфатна анализа на можностите, наспроти постојните предизвици и проблеми. Покрај тоа, клучна задача на стратегијата е и дополнителното јакнење на капацитетите на ЕЛС Штип за добро управување, бидејќи од општинската администрација, во голем дел зависи и секојдневното исполнување на мисијата на Општината - испорачувањето на квалитетни услуги кон граѓаните и правните субјекти кои во основа се најзначајните корисници.

Стратегијата за локален економски развој е еден од важните општински документи со кој е трасиран патот и претставува патоказ по кој е планирано да се одвива севкупниот развој на општината, со што се овозможува планирање, практична примена и реализација на општинските политики кои ги изразуваат развојните насоки во следниот среднорочен период.

Во текот на создавањето на планскиот документ од особена важност е потенцирано прибирањето, системската обработка, како и толкувањето односно значењето на резултатите од добиените податоци кои овозможуваат согледување за реални планирања на различни полиња од областите со помош на посакуваната за нас зајакната општинска економија која во заедницата со примена на истражувачки методи меѓу другото преку анализа на постоечките состојби ни дава јасна слика и сигнали за примена на дејствија кои ќе генерираат промени, превземање на иницијативи, планирање на можности, согледување на негативностите и воочување на слабости како и одбегнување на заканите во севкупниот тек од анализата како проценки приближно точни за овој за нас многу значаен и важен процес.

Од примената на овие методи поефикасно се дефинирани општите цели од кои произлегува целокупното последователно програмирање на конкретни цели, програми и проекти кои согласно акционите планови кои што во суштина претставуваат видлив индикатор за успешност во реализацијата на планираните активности претставуваат почетен генератор на посакуваните промени во следниот програмски период и ќе дадат видливи резултати мерливи низ мониторингот кој последователно се применува за секоја програмска година, односно заедно со севкупна евалуација на крај од планирачкиот програмски период.

Во делот од реализацијата на поединечните програми од секоја општа цел, внесено во дефинирани проекти на реален и јасен начин е прикажана примената на планирањето низ фазите за програмирање, идентификација, формулација, спроведување и евалуација на секој поединечен избран проект, со што се демонстрира капацитетот за приоритизирање според степенот на важност односно и достапноста на финансиски средства за нивна реализација.

На многу јасен практичен и концизен начин се прикажува корисноста од спроведувањето на различните видови на развојни програми како и предлог проекти со дефинираната намена за секој вид поединечно за што ја оправдува нивната улога и влијание во делот од повеќе посакувани резултати како: поттикнување на претприемништвото, намалување на невработеноста, поддршка на микро, малите и средни претпријатија, и други.

Овој документ претставува значајна алатка кон остварување на дефинираната визија за тоа како треба да изгледа економската перспектива на Општина Штип, преку стратешко планирање кое ќе води кон остварување на дел или сите севкупно поставени цели, како двигатели и инструменти на локалниот економски развој.

Овој документ исто така си поставува цели да го претстави посакуваниот економски развој на Општината преку остварување на висока конкурентност изразена преку подобрени економски резултати од спроведените политики во сите значајни сегменти на локалната економија и стопанството и тоа преку отворање на нови фирми од различни профили односно, производни капацитети, услужни сервиси кои би придонеле кон намалување на невработеноста, подигнување на животниот стандард, но и надградена локална инфраструктура адаптирана на потребите на стопанствениците, граѓаните од сите категории.

Стратегијата е изготвена како заеднички труд на сите засегнати страни и преку широка консултација е планирано да биде спроведена врз принципите на: законитост и прифатливост; чувство на сопственост; одржливост; квалитет; ефикасност и ефективност; насочен процес на планирање на развојот; сеопфатно планирање на развојот; практика на добро владеење.

Општина Штип ќе вложи максимални напори да обезбеди услови (внатрешно) и да ги искористи сите можности (централна власт, надворешни извори на финансирање и/или донатори) за спроведување на што поголем обем од содржината од општинскиот документ Стратегија за локален економски развој со што би се придонело кон економски раст и просперитетна иднина за сите граѓани.

Градоначалник на Општина Штип
Благој Бочварски

# I. ВОВЕД

Стратешкото планирање е демократски метод за креирање на визијата и начините да се достигне посакуваната иднина на општината и служи за насочување на активностите и проектите во насока на економски развој на општината претставено во форма на документ Стратегија за локален економски развој. Стратешкото планирање за општината значи рационално управување со неа. Ова управување подразбира реално согледување на фактичката состојба и потреби во општината и создавање решенија кои реално би можеле да се применат за разрешување на проблемите. Стратешкото планирање е процес на разбирање на ситуациите во кои се наоѓа општината, анализа која треба да ги идентификува потребите во сите сфери на живеење и врз основа на идентификуваните потреби да се создадат решенија кои би биле возможни за спроведување во обидот да се решат општинските потреби и истите треба да бидат базирани на потребите и приоритетите на граѓаните. За да можат решенијата да бидат реално остварливи, взаемно поврзани и интегрирано да влијаат врз постоечката состојба, потребно е постоење на заедничка визија за тоа каде граѓаните и институциите, т.е. сите општествени чинители, сакаат да биде општината во иднина и начини како да се стигне до таму. Сознанието за овие потреби треба да ја опфати целокупната организациска структура на општината и капацитетите на севкупните локални ресурси. Визијата, стратегијата и планираните активности треба да бидат реални и возможни за спроведување од страна на општината, а не само нејзини желби и соништа. Најголем дел од предложените активности се одговорност на самата општина, но значаен дел можат да бидат спроведени и од другите локални чинители.

Стратешкиот план за локален економски развој е рамка за дејствување, која ги зема во предвид расположивите ресурси, пречките и можностите кои водат кон конкретен пристап и кон посакуваниот севкупен економски развој. Стратешкото планирање ја дефинира визијата и стратешките долгорочни цели, како и политиката за локалниот развој, преку дефинирање на развојна рамка со конкретни развојни цели и мерки, односно програми и/или проекти за нивна реализација на подолг рок. Работата на спроведувањето на поставените задачи од овој документ претставува средство за планирање, планско прилагодување на околината кон промените, утврдување на приоритетите и нивно насочување на ресурсите кон обезбедување на максимално искористување и ставање во функција на локалниот економски развој на општината, остварени преку годишните планови и програмите кои се од големо значење за програмираниот развој за одредена

област, согласно законските надлежности за работа на општината. Одговорното стратешко планирање низ целиот процес посветува внимание на родовата еднаквост преку постојана проверка на поставените цели и резултати од родовата перспектива, т.е. дали подеднакво одговараат на потребите на мажите и жените. Исто така, поттикнува и промовира цели кои се однесуваат на подобрување на положбата на жените и на маргинализираните групи во заедницата.

Почетна идеја на стратегијата за развој на Општина Штип е обезбедување на одржлив развој, идеја која го надминува времетраењето на оваа петгодишна стратегија. Одржливиот развој генерално претставува економски развој кој се спроведува без осиромашување на природните ресурси. Најпознатата дефиниција за одржлив развој е: „Одржливиот развој е развој кој ги постигнува потребите на сегашноста без да ја изложува на ризик способноста на идните генерации да ги задоволат нивните потреби“[1].

Во овој контекст Стратегијата за локален економски развој на Општина Штип ќе се насочи кон целите за одржлив развој земајќи го предвид локалниот контекст и потребите, посебно:

- планирање на локалниот економски развој преку утврдување на развојните и структурни приоритети, со цел овозможување на одржлив и балансиран економски развој и намалување на социјалните и економски диспаритети помеѓу различни групи во заедницата;
- водење на локална економска политика и спроведување мерки и активности за изнаоѓање на услови за подобрување на квалитетот на животот на граѓаните на општината, посебно земајќи ги предвид потребите на маргинализираните групи и жените;
- поддршка на претприемнички иницијативи и развој на малите и средни претпријатија на локално ниво и развој на локалната заедница и мрежа на институции и агенции преку промовирање на партнерство и рационално користење на природните ресурси.

Уште пред да се започне со изработка на стратешкиот план, Општина Штип, ја нагласи определбата на општината за рамноправност, по сите основи и еднакви можности на сите граѓани во заедницата. Овие еднакви можности не се само декларативни заложби на општината, туку и се оживеани преку конкретни активности, од кои дел веќе се спроведуваат преку годишната програмата за еднакви можности, а дел се планираат во рамките на родово одговорниот стратешки план за развој. Стратешкиот план ја има и функцијата на промотор за одржлив развој на Општина Штип и е изготвен во согласност и

[1] “Report of the World Commission on Environment and Development: Our Common Future” (Brundtland Report), October 1987, UN documents - http://www.un-documents.net/our-common-future.pdf)

склад со законските надлежности на единиците на локалната самоуправа, кои треба да се носители на локалниот економски развој. Ваквите надлежности подразбираат идентификување и поставување приоритети за поттикнување на севкупниот локален развој, водење на успешна економска политика на ниво на општината, поддршка на развојот на мали и средни претпријатија, и учество во воспоставување и развој на локална институционална мрежа за промовирање партнерства.

Со цел поквалитетно изготвување на стратешкиот план на Општина Штип, вклучени беа сите заинтересирани структури на општината. На почетокот беше формирано координативно тело, составено од претставници на сите сектори од општината, тело кое имаше за цел да го помага процесот на планирање, споделувајќи информации со кои располагаат, подготовка на профилот на општината преку собирање на информациите од надлежните институции и логистички да помогнат во спроведување на работилниците. Исто така, задача на ова тело беше да ги консултираат релевантните институции, граѓани и здруженија на граѓани во сите фази од подготовката. На првата средба ова координативно тело, врз основа на свои аргументирани податоци ги предложи следниве стратешки области:

1. Економија
2. Образование
3. Инфраструктура и животна средина
4. Здравство, социјална и детска заштита
5. Култура

Подоцна овие области беа прифатени како стратешки од страна на сите вклучени во процесот[2].

Во процесот на изработката на Стратешкиот план, Општина Штип се фокусираше на целокупната сопствена територија и сите нејзини населени места. Учесниците во изработката на овој стратешки план се водеа и ги потврдија следните значајни принципи за подготовка и имплементација на стратешкиот документ:

- *Законитост и прифатливост,*
- *Чувство на сопственост,*
- *Одржливост,*
- *Квалитет,*
- *Ефикасност и ефективност*,
- *Насочен процес на планирање на развојот*,

[2] Повеќе за методологијата на работа во делот „Методологија за изработка на стратешки план“

- *Сеопфатно планирање на развојот,*
- *Практика на добро владеење* – преку промовирање на вредностите: транспарентност, вклученост, партиципативност, одговорност, ефикасност, ефективност, еднакви можности, кохерентност и реализација;

Наведените принципи и вредности ќе бидат валидни во текот на спроведување на стратешкиот план, како и при следењето и оценката во постигнувањето на целите за Општина Штип.

## КОРИСТЕН ПРИСТАП ПРИ ПРОЦЕСОТ НА ПОДГОТОВКА НА СТРАТЕШКИОТ ПЛАН

## МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ИЗРАБОТКА НА СТРАТЕШКИОТ ПЛАН

Пристапот на изработка на Стратегијата за локален економски развој на Општина Штип беше партиципативен и транспарентен со вклучување на сите клучни засегнати страни. Ова подразбираше формирање на повеќесекторско тело кое работи низ дефиниран процес на истражување, систематизација на податоци и подготовка на работна верзија која минува низ процес на јавна расправа и заклучно финалната верзија-основен документ се поднесува до Советот на Општина Штип на усвојување општински документ насловен како “Стратегија за локален економски развој на Општина Штип (2019-2024)”, подготвен од членовите на повеќесекторското тело на локалната заедница.

Процесот се одвиваше на две работилници и сумирање и заклучоци помеѓу работилниците. При изработката на стратегијата во сите фази се внимаваше предложените мерки/активности/цели/резултати да ги одразуваат потребите и на маргинализираните и ранливи групи, како и реално да се отсликаат потребите на жените и мажите.

На работилниците учесниците беа поделени во 5 помали работни групи (Економија, Образование, Инфраструктура и животна средина, Здравство, социјална и детска заштита и Култура.) Овие работни групи ги претставуваа стратешките области на кои ќе се фокусира Општина Штип. На првата работилница секоја од групите работеше на SWOT[3] анализа. Беше спроведена комбинација на SWOT со PESTLE анализа (анализа на надворешна околина, социјален контекст, законодавство и животна средина), со цел да се добие сеопфатна анализа на моменталната состојба во која се наоѓа општината. На втората работилница беа дефинирани визијата и мисијата. Поаѓајќи од изготвената SWOT анализа

[3] Резултатите од SWOT анализата се дадени во Анекс

работните групи ги дефинираа стратешките и краткорочните цели на втората работилница. Секоја од групите поделени по области како на првата работилница, преку аргументирана дискусија ги одбираа стратешките приоритети. Посебно внимание беше посветено на избор на приоритети кои се остварливи и реални. На втората работилница согласно поставените цели се предлагаа конкретните мерки/активности, т.е. конкретните проекти кои треба да се спроведат. По втората работилница, во еден документ, беа сумирани резултатите од работилниците, а потоа поврзани со профилот на општината изготвен од страна на координативното тело.

По добивањето на првата верзија на стратешкиот документ истиот беше ставен на јавна расправа, со цел сите кои немале можност да учествуваат на работилниците да ги дадат своите видувања, идеи и коментари. Коментарите и забелешките од сите релевантни чинители се интегрирани во "Стратегијата за локален економски развој на Општина Штип" и документот се дава на усвојување од страна на Советот на Општината. Стратегијата се усвојува од страна на Советот на Општина Штип на првата наредна седница и истиот документ има важност од 5 години.

Усвојувањето на документот е во согласност со член 22 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РСМ бр. 5/02). Стратегијата за локален економски развој на Општина Штип е во согласност и со определбите, приоритетите и стратешките цели од програмата за развој на Источниот Плански Регион и се води од принципите на комплементарност со хиерархиски повисоките документи, а истовремено и подеднакво, се внимаваше на специфичните потреби и можности на локално ниво и нивното максимално искористување во изработка на документот.

Избраната методологија го користеше пристапот „од долу – нагоре ("bottom up[4]) и процесот на изработка го организираше во две работилници и консултации со градоначалникот, општинската администрација, советот и останатите чинители во периодот меѓу работилниците и во завршната подготовка на документот.

Работилниците имаа за цел да ги вклучат чинителите и од нив да генерираат податоци, ставови и идеи од учесниците на работилниците и истите да ги вградат во развојниот процес на изработка на документот. Консултациите се однесуваа и беа насочени кон добивање на дополнителни информации, ставови и идеи од учесниците на работилниците и преку нив од локалното население заради посеопфатно и стуктурирано

[4] Овој метод е инструмент за олеснување на примената на партиципативен развоен пристап што ги вклучува сите членови на регионот разбран како заедница. Овој инструмент се користи за пренесување информации, идентификување потреби и утврдување основа за регионална акција. Пристапот „од долу - нагоре" активно ги вклучува субјектите од заедницата во процесот на планирање и одлучување поврзан со нивниот развој. Вклучувањето на регионалните чинители ги опфаќа населението во целост (преку нивни претставници), економски и социјални интересни групи, како и репрезентативни јавни и приватни институции. Ваквиот пристап гарантира дека стратешките приоритети на национално ниво се одразени во регионалните иницијативи со истовремено нивно прилагодување на регионалните и локалните потреби.

искористување на општинските капацитети, знаења и вештини при дефинирање на Стратегијата.

## II. РЕЗИМЕ НА СТРАТЕШКИОТ ПЛАН

### ВИЗИЈА

Општина Штип е економски, образовен и културен центар на државата и Општина на одговорни, активни и ангажирани граѓани

### МИСИЈА

Општина Штип ќе создаде услови за економски раст и развој преку систем на одржливо искористување и управување со природните, човечките и инфраструктурни ресурси. Општина Штип ќе овозможи и поттикне развој на просперитетна општина со широк спектар на применети знаења инкорпорирани во областите на брзорастечки компании и областите кои генерираат резултати и позитивно влијание врз човековото здравје.

### Стратешки приоритети и цели на Општина Штип

Во текот на изработката на стратегијата пет области беа посочени како проритетни и со остварување на стратешките цели во рамки на секоја од стратешките области ќе се допринесе кон остварување на мисијата и визијата на Општина Штип.

1. Економија
2. Образование
3. Инфраструктура и животна средина
4. Здравство, социјална и детска заштита
5. Култура

Поради тоа што најголема надлежност за спроведување на Стратегијата за локален економски развој на Општина Штип има ЕЛС присутните се согласија дека за дополнителен развој на капацитетите на Општина Штип е потребно да се предвиди засебна стратешка цел, со конкретни мерки и активности.

Од анализите на постојните капацитети на општината, по области, произлезе дека локалната самоуправа има добра кадровска екипираност, има подготвена техничка

документација за регионална депонија, започната постапка за заштитени подрачја, постои мерна станица за мерење на квалитет на отпад, има формиран регионален центар за управување со отпад и план за управување со отпад на регионално ниво. Општината има добра основна инфраструктура за образование и спорт, добра здравствена мрежа и соработка помеѓу здравствените институции. Има постоечка инфраструктура за култура и традиција на културни настани како и голем број на здруженија на граѓани од областа на културата.

Точки за подобрување кои беа идентификувани во процесот на анализата на состојбите во Општина Штип, се неразвиена туристичка инфраструктура, слабата поддршка на мали и средни претпријатија и недостаток на стручен кадар (работници) за бизнисите во градот.

Како најголема закана во анализите произлезе иселувањето на младите, што го загрозува идниот развој на поединечните области, но и на целата општина. Исто така и корупцијата беше идентификувана како закана во сите области значајни за локалниот економски развој на општината.

Како најголема можност во секоја од областите произлезе поголемото искористување на расположливите фондови, пред се ИПА и ИПАРД, што отвора потреба од планирање на активности кои ќе ги зголемат капацитетите на надлежните за подготовка и имплементација на вакви проекти, но и потребата од поголема соработка помеѓу општествените чинители и здружување на нивните капацитети и знаења. Поголемата соработка исто така е препознаена како добра можност и потреба од секоја од соодветните работни групи.

## III. ПРОФИЛ НА ОПШТИНА ШТИП

### 1. Локација

Во средното сливно подрачје на реката Брегалница, во срцето на Источна Северна Македонија се наоѓа Општина Штип. Лоциран меѓу височините на Исарот, Мерите и Кумлакот, по должината на двата брега на суводолицата Отиња се простира нашиот град што е центар во источниот регион и еден од најстарите градови во државата. Лежи на надморска височина од околу 300 метри. Распослан е на површина од 893 $км^2$ на која според последниот попис живеат 47.796 жители.

Штип е центар на Источно - планскиот регион и се граничи со седум општини и тоа: Радовиш, Конче, Неготино, Градско, Лозово, Св. Николе и Карбинци, со добра местоположба и патна поврзаност.

Општина Штип вклучува 41 **населено место и тоа**: Балталија, Брест, Врсаково, Горачино, Доброшани, Долани, Драгоево, Едеклерци, Јамуларци, Калапетровци, Кошево, Криви Дол, Лакавица, Лесковица, Липов Дол, Љуботен, Никоман, Ново Село, Пенуш, Пиперово, Сарчиево, Селце, Скандалци, Софилари, Стар Караорман, Степанци, Суво Грло, Судиќ, Сушево, Танатарци, Тестемелци, Топлиќ, Три Чешми, Хаџи-Реџепли, Хаџи-Сејдели, Хаџи-Хамзали, Црешка, Чардаклија, Чифлик, Шашаварлија, Шопур.

**Основни информации:**

- површина: 893 км$^2$
- површина на градот:13,5 км$^2$
- населби: 34
- број на жители во општината: 47 798
- број на жители во градот: 42 625
- основни училишта: 5
- подрачни училишта: 8
- средни училишта: 5
- универзитет: 1
- радио станици: 3
- тв станици: 2
- клинички центар: 1
- индустриска зона: 1
- аеродром: 1

## 2. Краток историјат

**Штип** со најблиската околина, своето богато културно историско минато го започнува уште во најраните времиња на човековата историја. Регистрираните населби од неолитот, енеолитот, бронзената епоха и железното доба, преку римскиот, како и доцноантичкиот и средновековниот период, па се до денес, зборуваат за континуитет на живеење на потесниот и поширокиот простор на Брегалничкиот регион. Името Астибо за

прв пат го споменува античкиот хроничар Полиен во 3 век пр.н.е., кој известува дека во реката Астибо (денешна Брегалница) е изведувано ритуално капење на Пеонските кралеви, како чин на нивното крунисување. Поголемиот дел од научните работници го лоцираат Астибо на просторот од денешниот стар дел на градот Штип. Урбаната градска населба ги опфаќала источните падини на ридот Исар и локациите Стар Конак, Тузлија и Горно Маало. Денес од античката архитектура на градот, делумно се сочувани остатоците на градскиот аквадукт во месноста Ќемер, преку кој градот се снабдувал со чиста вода. Античкиот град Астибо својот највисок подем го достигнува кон крајот на II и во првата половина на III век. Во втората половина на III век, со пробивот на варварските племиња во периферните делови на римското царство, страдаат поголемиот дел од населбите и градовите, меѓу кои и градот Астибо. Континуитетот на живеење на овој простор не е прекинат. Населбата егзистира и во доцниот антички и во раниот византиски период, веројатно под името Стипеон. Во средниот век населбата го добива името Штип. Од средновековниот период, при крај на IV век и во текот на VII век, во виорот на аваро-словенските завојувања на Балканскиот Полуостров, настрадале речиси сите доцноантички–рановизантиски градови, меѓу кои и Стипеон. Средновековниот град Штип никнува врз урнатините на Античкиот град Астибо и рановизантискиот Стипеон. Средновековниот град–тврдина е лоциран во западниот дел на денешниот град Штип на доминантното возвишение Исар, меѓу реките Брегалница и Отиња. На највисокиот дел од возвишението, изграден е средновековен град од типот на Самуиловата тврдина (Охрид), Марковите кули (Прилеп), Кале (Скопје) и др. Средновековната историја на градот започнува со населувањето на Словените на ова подрачје, преполно со бурни историски настани. Во IX век, брегалничката област потпаѓа под бугарска власт. Од 976 год. до 1014 год., Штип се наоѓа во границите на Самуиловата држава.

Како средновековен град, Штип, својот најголем културен, економски и духовен подем го постигнува во XIV век во рамките на српската држава.

Во 1395 година, Штип конечно паднал под власта на Османлиската Империја како каза (нахија) во составот на Ќустендилскиот санџак. Оттогаш, па сѐ до 17 век, постојат малку пишувани документи за судбината на Штип. Со шпанската инквизиција, во почетокот на XVI век, голем број на Евреи - Сефарди побегнале на територијата на Османската Империја, а дел од нив се населиле во Штип, што може да се забележи од турските извори од 1519 година кога во Штип живееле 38 еврејски семејства или 200 души.

Во 1661 година низ Штип поминал познатиот турски патеписец Евлија Челебија. Тој го опишал градот со следниве зборови: "Штип е кадилак со тврдина на ридот што чува стража. Во градот има џамии, бањи, голем карван-сарај и мала река." Евлија Челебија запишал дека Штип имал 2.240 куќи, 450 дуќани, голем безистен, караван сарај, 27 џамии и

7 ана, додека пак Францускиот конзул Божур забележил дека во 1800 година градот имал од 3 до 4.000 жители.

За време на австро-турската војна, во 1689 година, Штип бил освоен од Австроунгарците, но во 1691 година повторно го зазеле Турците со големи разорувања и страдања на месното население.

Поволната географска положба придонела, Штип, од крајот на XVIII век да почне подинамично да се развива. Податоците покажуваат дека во 1820 год. во него живееле 5.000 жители. Три децении подоцна, бројот на жителите пораснал на 20.000 како резултат на тогаш изразената миграција село-град. Покрај примарното земјоделство се развило занаетчиството и трговијата. Низ Штип поминувал познатиот трговски пат, познат како „Штипски пат“ со кој Штип бил поврзан со Солун и Софија. Забележителен подем имало и во просветата. Во 1830 година, во Штип било отворено првото световно училиште на народен јазик, со што ги надминало дотогашните ќелијни училишта. Со доаѓањето на Јосиф Ковачев во родниот Штип, од учебната 1869-1870 год. започнало со работа и првото педагошко училиште, како посебна институција за подготовка на учители со два класа, каде го вовел класниот и предметниот систем на настава, вклучувајќи ги и световните предмети покрај богословските. Штип бил еден од ретките градови во Македонија кој основал и имал свое читалиште. Било отворено во 1872 година под името "Дејателност", а следната 1873 година било отворено и во Ново Село. Во Штип и штипско Ново Село учителствувале Ѓорче Петров, Даме Груев, Гоце Делчев, Туше Деливанов, Петар Поп Арсов и др. Учителите –револуционери развиле жива активност во општо просветување и културно издигнување на масите во Штип и околијата, но и револуционерно дејствување и организационо ширење на мрежата на МРО.

За време на Балканските војни, Штипската област била окупирана од бугарските и српските војски, а демаркационата линија помеѓу двете војски е повлечена по реката Брегалница, така што Штип и селата од левата страна ги окупирала Бугарија, која овде започнува да воведува своја администрација. Териториите од десната страна на реката ги окупира Србија. Во составот на сојузничките војски учествувале и поголем број жители на Штип и Штипско. Дел од нив доброволно пристапиле во војските на сојузниците, додека дел биле насила регрутирани од Бугарите и Србите. По завршувањето на Балканските војни и Букурешкиот мир, Вардарскиот дел од Македонија ќе влезе во составот на Кралството Србија, под нејзина управа се до 1915 година кога ќе ја преземат бугарските власти со новата војна (1915-1918). Населението и стопанството во Штипскиот регион, кои претрпеле големи штети во Балканските војни, уште не успеале да заздрават и од последиците на епидемијата од колера во 1913 година и воените разорувања во двете балкански војни, а веќе започнала нова војна. За време на Првата светска војна, меѓу 58 000 војници од Македонија опфатени со мобилизацијата има и многу Штипјани кои учествуваат на многуте

фронтови, како: Криволак 1915-1916, на Добруџанскиот фронт 1916 година и Македонскиот фронт од 1916 година.

По војната, Вардарскиот дел на Македонија влегол во составот на новата држава Кралството на СХС/Југославија. Во административно-територијален поглед бил поделен на три области (жупании): Скопска, Битолска и Брегалничка.

Во Штип, по Првата светска војна, според една статистика, од 1921 година живееле 11.191 жител.

Населението претежно се занимавало со одгледување на земјоделски култури (афион, памук, тутун, градинарски и житни растенија), занаетчиство и трговија.

Како последица од војните, сите правци од патниот сообраќај биле речиси уништени, а единствена железничка врска била Скопје - Солун. Старите трговски патишта кон Солун, Серез и Кавала го загубиле своето значење, а со тоа се изгубила и улогата на Штип како трговско транзитно седиште.

Таква била положбата сè до изградбата на железничката линија Велес-Штип, која започнала на 1. XI 1923 година, а во употреба свечено била пуштена на 20. X 1924 година, кога пристигнал и првиот воз во Штип.

Во градот функционирале и повеќе хотели и неколку анови, две болници, една воена и една граѓанска.

Постоеле четири основни училишта, едно во штипско Ново Село, гимназија и училиштето на турски наставен јазик сместено во Медресата. Посебно забележителен е културниот развој во градот преку активностите на повеќе културно-уметнички и спортски здруженија. Посебен импулс за културниот живот во Штип дал богататиот репертоар на Штипскиот театар во кој учествувале студентите и гимназијалците од градот, каде е изведена првата опера во Македонија со изведбата на операта „Паљачи“, на 29. VIII 1925 година.

За време на Втората светска војна, на 6 април 1941, Штип бил бомбардиран од страна на германски авиони што полетале од бази од Бугарија. На 7 април 1941 година градот бил заземен од страна на 73-та пешадиска германска дивизија, а на 18 април истата година бугарскиот Генералштаб добил известување од командата на 12-та германска армија дека им се одобрува на единиците на Првата бугарска армија да навлезат во еден дел од Македонија. За време на војната, Штип го загубил своето еврејско население.

На 8 ноември 1944 година, единиците на НОБ го ослободиле градот. Штипјани учествувале активно во НОБ, при што во отпорот против окупаторите се вклучиле околу 2 000 борци. За време на окупацијата, 814 жители ги загубиле животите, од кои, 88 во директна борба против окупаторите.

Градот дал 4 народни херои: Михајло Апостолски (генерал, командант на НОВ и ПОМ), Славчо Стојменски, Љупчо Арсов и Ванчо Прке.

## 3. Природни ресурси

Подрачјето на Штип има претежно планинска и ридска местоположба.

### 3.1 Реки

Во Штип течат две реки. Поголемата е **Брегалница** (должина 43 километри) што на пат до вливот во реката Вардар поминува низ Штип. Помалата, пак, го дели градот на два дела, а се вика **Отиња** (3 километри должина).

### 3.2 Термални води (Кежовица)

На десниот брег на реката Брегалница, на околу 2 км југозападно од центарот на Штип, на излезот од Ново Село, се наоѓаат појавите на термоминералните води **Кежовица** и **Л'џи**. Истите извираат од горно-јурските штипски гранити, пропратени со интензивна силификација. Во локалитетот Л'џи, во самото речно корито на реката Брегалница, од гранитите извираат хидротермални води со мала издашност (околу 1,3 лит/сек и температура од околу 28 - 30$^{o}$ C). Кога водостојот на реката е поголем, се зголемува и издашноста на главните извори до 1,5 лит/сек и температура од 60 - 65$^{o}$ C. Термалните води од "Кежовица" се во хидраулична врска со топлите извори од Л'џи, така што при испумпување на бунарите во бањата, доаѓа до намалување на издашноста во изворите на Л'џи. Оваа термоминерална вода по хемиски состав е хлоридно - натриска и радиоактивна.

Денес на ова место постои уредена бања со базени, како и центар за рехабилитација. Бањата Кежовица, според својата радиоактивност, спаѓа во ред на најрадиоактивните термоминерални води, не само во Северна Македонија, туку и пошироко на Балканот.

### 3.3 Планини

Во близина на Штип се наоѓа планината **Плачковица**. Тоа е идеално место за развој на планински туризам. Плачковица го има највисокиот врв **Лисец** (1754 метри надморска височина), кој е предизвик за многу планинари. Планината Плачковица се наоѓа на четириесеттина километри од градот Штип. Таа спаѓа во редот на стари грамадни планини. Составот на теренот најчесто е гранитен со кристални шкрилци и помлади еруптивни карпи. На планината има богата флора и фауна со неколку видови што живеат само на оваа планина.

На планината Плачковица се наоѓаат и трите прекрасни **кањони**: Камник, Козјак и Зрновка во кои се наоѓаат прекрасни природни убавини како реки, водопади, преслапи, високи карпи...

За многумина кањонот Камник со својата убавина претставува Колорадо во мало. До сите кањони е обезбедена потребна инфраструктура за непречено движење (маркации, билборди, патокази, сајли, ферети и место за одмор).

Од многуте убавини кои ги нуди планината Плачковица се и **пештерите** кои ги има повеќе, од кои пет се испитани и достапни за посетители. Најголема од нив е Големата пештера, со испитана должина од 600 метри. Таа претставува вистински бисер со своите пештерски украси и предизвик за спелеолозите. Пештерите: Ќуп, Ајдучка, Туртел и Понор се помали, но богати со пештерски украси и се лесно достапни за посетителите и до нив водат маркирани патеки.

### 3.4 Соларна и ветерна енергија

Подрачјето на Општина Штип се карактеризира со зголемено траење на сончевото зрачење. Во просек годишно има 2.370 часови со сончево зрачење или просечно 6,5 часови дневно. Максимумот е во јули, а минимумот во декември. Во регионот на Штип постои добар потенцијал за искористување пред се на соларната енергија, како извор на топлинска енергија со просечна инсолација од 2350 h/год, како и на ветерната енергија за евентуално добивање електрична енергија). Регионот се карактеризира со значителна појава на ветрови.

Просечната годишна брзина изнесува 5,7 m/s, а максималната брзина достигнува до 27,0 m/s. Се јавува доста изедначено преку целата година, а со поголема зачестеност во јули и август. Просечната брзина изнесува од 4,6 m/s во август до 8,8 m/s во март. Југоисточниот ветер е втор по зачестеност во ова подрачје со просечна годишна брзина 6,2 m/s и максимална брзина до 27,0 m/s.

Се јавува преку целата година, а со максимална зачестеност во март и април. Во текот на годината просечната месечна брзина се движи од 3,3 m/s до 7,7 m/s. Поради зголемен интерес кај потенцијални надворешни инвеститори во последните неколку години на внимателно одбрани локации се вршат прецизни мерења на повеќе параметри на ветерот како потенцијално обновлив извор на енергија.

## 4 Клима и климатски карактеристики

Подрачјето на Општина Штип се карактеризира со умерено континентална клима и со одредени влијанија на изразито медитеранска клима преку долината на реката Брегалница. Ова подрачје се одликува со посебен температурен режим.

Тој е резултат на наведените карактеристики на подрачјето, а особено на продорите на студени и топли воздушни маси во текот на годината, кои во зимските месеци условуваат доста ниски, а во летните месеци доста високи температури на воздухот. Според температурните показатели, подрачјето се одликува со топли лета, со умерено ладни зими, со повремени екстремно ниски и високи температури, зголемено екстремно температурно колебање и со потопла есен од пролет. Ова подрачје всушност има своја локална клима која се одликува со посебен температурен режим. Територијата на Општина Штип спаѓа во подрачја со малку врнежи. Просечното годишно количество изнесува 472 mm. Во текот на годината, врнежите се нерамномерно распоредени. Главниот максимум е во мај со просечна месечна сума од 63,3 mm, а секундарниот максимум е во ноември, просечно 54,3 mm. Главниот минимум е во август, просечно 29,3 mm, а секундарниот минимум е во февруари, просечно 34,1 mm. Релативно сушни месеци се во периодот јануари, април, јули-септември и декември. Релативно влажни месеци се мај-јуни и октомври-ноември, а највлажен е мај со 45% преку идеалната распределба.

Просечната годишна релативна влажност изнесува 67% и во текот на годината постепено се намалува од јануари кон август, а потоа побргу се зголемува од септември до декември.

Маглата не е така честа појава, но се јавува скоро во сите месеци, со исклучок во летните и тоа во повеќето случаи како ниска магла. Просечно годишно се јавуваат 14 денови со магла, со максимум во декември и јануари - просечно 4 дена и во ноември - 3 дена.

Појавата на град е со незначителна зачестеност, ограничена главно на периодот мај и април, а ретко во јуни и јули. Росата се јавува во сите месеци од годината, но со изразена зачестеност од март до ноември.

Сланата е забележителна појава и се јавува од октомври до април. Просечно годишно се јавуваат 44 дена со слана, со максимум во трите зимски месеци, просечно од 8 до 10 дена, потоа во март и ноември просечно по 6 дена.

Регионот се карактеризира со значителна појава на ветрови. Просечната годишна брзина изнесува 5,7 m/s, а максималната брзина достигнува до 27,0 m/s. Се јавува доста изедначено преку целата година, а со поголема зачестеност во јули и август. Просечната брзина изнесува од 4,6 m/s во август до 8,8 m/s во март. Југоисточниот ветер е втор по зачестеност во ова подрачје со просечна годишна брзина 6,2 m/s и максимална брзина до 27,0 m/s., се јавува преку целата година, а со максимална зачестеност во март и април. Во текот на годината просечната месечна брзина се движи од 3,3 m/s до 7,7 m/s.

Испарувањето во овој регион е со најголеми вредности во целата земја. Просечното годишно испарување изнесува 1.246 литри од 1 m2 слободна водена површина.

## 5 Релјеф и релјефни карактеристики

Општината Штип се наоѓа во централниот источен дел на Република Северна Македонија помеѓу 41° 31’ 15’’ и 41° 44’ 25’’ северна географска ширина и 22° 10’ и 22° 13’’ источна географска должина. Територијата на општината се карактеризира со изразито хетерогени орографски особености, условени со мошне динамична релјефна структура во која се застапени рамничарски делови претставени со дел од Овче Поле, Ежово Поле и котлините по река Брегалница и Крива Лакавица, ритчести простори и планински релјеф на Плачковица, Серта и Конечка. Разновидната физиономија ја потенцираат и височинските разлики кои се движат од 204 m по течението на реката Брегалница до 1.676 m на планината Плачковица. Во Општината доминира рамничарско-ридското земјиште, бидејќи површините до 500 м.н.в. заземаат 65,1% од вкупната површина на Општината.

Општина Штип се простира централно во сливното подрачје на реката Брегалница. Според морфолошките карктеристики, на територијата на општината јасно се издвојуваат 4 природни целини: должината на Брегалница, Криволакавичката долина, Ежево Поле со дел од Овче Поле и западните падини на планината Плачковица.

## 6 Почви

### 6.1 Метални минерални суровини

Во сферата на геолошката струка и наука е познато, дека просторите кои територијално им припаѓаат на Република Северна Македонија и нејзината непосредна околина, геолошки се многу комплексни и мошне интересни. Во тектонски поглед, подрачјето на Општина Штип влегува во склоп на две јасно изразени геотектонски единици: Српско - македонската маса и Вардарската Зона.

Од досегашните истражувања на територијата на поширокото подрачје на Општина Штип се утврдени бројни наоѓалишта, појави и потенцијални простори за понатамошни истражувања и проучувања на метлични, неметлични и енергетски суровини, кои во основа ја чинат минерално-суровинската потенцијалност на овој регион. Во околината на с. Долани (Криви Дол) се јавува магнетитот (железна руда) во вид на две изразени плочести тела, со моќност од 50 цм. Ова орруднување се јавува на контактот помеѓу штипските гранити и серпентитите. Минерализацијата е богата, но со мали количини на руда.

Истражувањата на бакарните руди во Северна Македонија се од понов датум, меѓутоа, нивниот интензитет доведе до утврдување на значителни количини на бакарни руди во неколку покрупни наоѓалишта. За сега, во експлоатација е само рудникот Бучим.

Истражувањата покажаа геолошки појави на бакарни и златоносни руди во близината на рудникот - “Бучим” (Општина Радовиш), локалитетот Шопур, Боров дол (Општина Штип) и други блиски локалитети. Од примарните наоѓалишта и појави на злато посебно треба да се истакне наносното наоѓалиште на реката Крива Лакавица.

### 6.2 Неметални минерални суровини

Најпрво треба да се напомене наоѓалиштето на кварц -”Лакавица”, каде денес се врши експлоатација на кварц и истиот се користи за потребите за производство на Si - метал, стакло итн. Несомнени се големите геолошки резерви на квалитетен (99 % SiO2) кварц во просторите на локалитетот - “Лакавица”.

Потоа, наоѓалиштето на архитектонско - градежен и градежно - технички камен базалт - “Ежово брдо”, кое денес се експлоатира од страна на Пелагонија АД Скопје. Овој локалитет е доста интересен од аспект на производство на украсен камен, претставен преку производен програм - коцки, плочи и друг обработен базалтен материјал.

### 6.3 Енергетски суровини

Во овој контекст би требало да се спомене појавата на јаглен во подрачјето на Овче Поле. Оваа јагленова појава е недоволно истражена и истата бара далеку посериозен пристап. Во почетокот на 70 - години извршени се неколку дупчења и тоа во областа на Криволак и кај с. Ерџелија, при што само кај с. Ерџелија се констатирани позитивни резултати. Имено, овде е утврдена појава на природен гас, меѓутоа можностите за континуирана експлоатација се уште не се потврдени со соодветни испитувања. Од нуклеарните суровини, кои во втората половина на минатиот век беа предмет на интензивни истражувања, посебно треба да се издвои ураниот. Појави на уранов оксид има на подрачјето на Овче Поле.

## 7 Вегетација

Вкупниот шумски фонд на штипскиот регион изнесува 21.705 хектари, од кои чисти насади од листопадни дрва 12.335 хектари, чисти насади од иглолисни дрва 7.135 хектари и мешовити насади од листопадни драва 2.235 хектари.

## 8 Население

Од вкупниот жителски број на ова подрачје што претставува 3,1 % од површината на Северна Македонија, егзистираат претставници од разни етнички заедници. Штипската мултиетничка средина вклучува: 41 670 Македонци, 12 Албанци, 1272 Турци, 2195 Роми, 2074 Власи, 294 Срби, 11 Бошњаци и 265 останати граѓани. Врз основа на тоа, густината на

населението изнесува: 81,95 жители на км$^2$. Зафаќајќи ја оваа просторна површина, Општина Штип вклучува 41 **населено место**. Површината на градот со населбите е 13,5 км2.

Генералната слика за вкупното население, како и процентуална споредба со вкупното население на Република Северна Македонија (според пописот на неселението, домаќинствата и становите во Р.С.М. од 2002 година) за Општината Штип е дадено во следнава табела:

| Вкупен број на жители во Општина Штип (по полова и национална структура) | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | Македонци | Турци | Роми | Власи | Срби | Албанци | Бошњаци | Други |
| Вкупно | 47796 | 41670 | 1272 | 2195 | 2074 | 294 | 12 | 11 | 265 |
| Жени | 23876 | 20935 | 612 | 1039 | 981 | 153 | 4 | 6 | 146 |
| Мажи | 23920 | 20735 | 660 | 1156 | 1093 | 144 | 8 | 5 | 119 |
| РМ (%) | 2.36 | 3.21 | 1.63 | 4.07 | 21.39 | 0.83 | 0 | 0.06 | 1.26 |

## 9 Сообраќајна инфраструктура

### Патишта

Низ Општина Штип поминуваат патните правци :

- **Автопатишта**

1. А3 Велес-Штип-Кочани-Делчево-граничен премин Република Бугарија;
2. А4 Штип-Радовиш-Стурмица-Граничен премин со Република Бугарија;
3. А4 Штип-Миладиновци-Скопје-(Куманово);

- **Регионални патишта**

1. Р1204 Кадрифаково-Штип-Софилари (врска А4)
2. Р2 334 Штип-Карбинци-Аргулица

Патната мрежа во Општина Штип има вкупна должина од 377,4 км, од кои 47,0 км (12,45%) се магистрални патишта, 22,4 км (5,94%) се регионални патишта и преостанатите 308,0 км (81,61%) се локални патишта. Од целокупната патна мрежа на општина Штип,

230,4 км (61,05%) патишта ја сочинуваат уличната мрежа во урбанизираните населени места. Останатите 147,0 км (38,95%) отпаѓаат на патиштата што ги поврзуваат населените места во рамките на општината.

- Градски и приградски сообраќај

Со Одлука за авто – такси превоз на патници на подрачјето на Општина Штип се утврдени 90 локации на авто – такси стојалишта и капацитет од 150 возила. Исто така утврдена е и авто такси тарифа која важи за целата територија на Општина Штип.

- Меѓуградски сообраќај

Меѓуградскиот сообраќај е регулиран со автобуски превоз до сите поголеми места во државата.

- Железнички сообраќај

Македонски Железници Транспорт АД Скопје во возниот ред со важност од 10.12.2017 до 08.12.2018 година, на потегот кон Штип има еден пар на возови и тоа на релацијата Скопје – Кочани (поаѓа во 16.40 часот) и Кочани – Скопје (поаѓа во 05.00 часот).

Од 06.08.2018 од сообраќај се повлечени две кинески дизелмоторни гарнитури серија 711 и истите нема да бидат во можност да сообраќаат во временски период од неколку месеци. Исто така, последната шпанска дизелмоторна гарнитура серија 712 (која во последиот период сообраќа кон Штип, е пред крај на работниот век и многу често останува дефект на што имаме големи поплаки од патниците). Истата во секој момент може да откаже и да биде трајно повлечена од сообраќај.

Поради ваквата ситуација, почнувајќи од 06.08.2018 година ќе бидеме приморани да откажуваме возови и тоа оние кои се на неелектрифицираните пруги т.е. возови кои се влечени со влечни средства на дизел погон.

# IV. АНАЛИЗА НА ТЕКОВНАТА СИТУАЦИЈА

## 1. ОПШТ ПРИКАЗ НА ЕКОНОМИЈАТА И ДЕЛОВНОТО ОПКРУЖУВАЊЕ

### 1.1. Локална самоуправа

Општина е единица на локална самоуправа, како заедница на жителите на одредено подрачје утврдено со закон, која преку своите органи и преку администрацијата и организираните јавни служби, овозможува вршење на надлежностите пропишани со

закон. Општините, во рамките на законот, имаат право на своето подрачје, да ги вршат работите од јавен интерес од локално значење, што не се исклучени од нивната надлежност, или не се во надлежност на органите на државната власт.

Органите на Општината се избираат на слободни и демократски избори, со мандат од 4 години. Локалната власт е раководена од:

1. Совет на општина - претставнички орган на граѓаните
2. Градоначалник - ја претставува и застапува општината

За извршување на работите од надлежност на органите на општината се организира општинска администрација. Општинската администрација се организира во сектори и одделенија. Општината може да организира општински инспекторат заради вршење на инспекторски надзор над вршењето на работите од нејзина надлежност. Организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација ги утврдува советот, врз основа на предлог на градоначалникот.

## 1.2. Урбанизам

Стратегијата за урбанистичко планирање, а особено делот што се однесува за урбанизирање и уредување на градежно земјиште за индустриски потреби на територијата на Општина Штип, е од особена важност за идниот локален економски развој. Овде, клучни атрибути за развој на локалната економија на регионот се:

- Расположивоста (капацитет во ха или м$^2$) и цената на купување на градежното земјиште
- Степенот на урбанизација, т.е. уреденост на локациите за индустриски објекти со комунална инфраструктура, како и надоместот за доделување и уредување на истот (т.н. комунални такси)
- Постапката за доделување на градежно земјиште и дозволи поврзани со отварање на нови инфраструктурни системи и степенот на нејзината ефикасност, т.е. ефикасност и ефективност на институционалната или “мека” инфраструктура

Досега, и според Законот за градежно земјиште на РСМ, сопственоста на градежното земјиште (кое не е во приватна сопственост) е на национално ниво, т.е. сопственик е РСМ. Според тоа и цената на градежното земјиште од едно евро почетна цена на електронско наддавање се одредува на национално ниво и во однос на дефинирани зони во Северна Македонија а не е во надлежност на единиците на локалната самоуправа. Пристапот и стратегијата на Општина Штип, во однос на урбанистичкото планирање за потребите на идниот локален економски развој и неговите клучни атрибути се клучен фактор за подобрување на бизнис опкружувањето, и развој и поддршка на претприемништвото како и развој на постоечките бизниси. Просторното и урбанистичко

планирање, како и уредувањето на градежното земјиште и други комунални дејности и услуги за Штип е во надлежност на Општината.

### 1.3. Социјални услуги и објекти

Во однос на социјалната политика, Општина Штип соработува со ЈУ МЦСР во чиј состав влегуваат Дневниот центар за деца со посебни потреби, Дневниот центар за деца со аутизам и Мал групен дом.

Услугите кои ги нуди Дневниот центар за лица со интелектуална или телесна попреченост и дневниот центар за аутизам им обезбедува дневно згрижување, работно производна активност, работна терапија, психосоцијална рехабилитација и други активности (реедукација и стекнување вештини за осамостојување и социјализација).

Во дневниот центар за лица со интелектуална и телесна попреченост има запишано 14 лица, 9 машки и 5 женски лица од македонска националност;

Во дневниот центар за деца со аутизам има 9 деца, 8 машки и 1 женско деца од македонска националност;

Во малиот групен дом се сместени деца без родители и родителска грижа на возраст од три до осумнаесет години каде им се обезбедени основни животни потреби како: домување, храна, одржување лична хигиена, облека, нега и грижа за здравјето, воспитување и образование. Средствата за овие тековни трошоци ги обезбедува ЈУ Центар за социјална работа во Штип, институција која е надлежна за Домот и ќе обезбеди 24-часовна непрекината грижа за сместените деца.

Во конаците на црквата Света Недела во 2018 година се згрижени 11 лица.

Во 2017 година вкупно 56 слепи лица се субвенционирани за трошоци за вода, од нив 23 се жени и 33 мажи; 41 дете на самохрани родители се ослободени од плаќање на детска градинка, од кои 23 се машки и 18 женски деца; на 136 деца со посебни потреби, од кои 93 машки и 43 женски деца, им се доделени пакети за новогодишните празници; идентификувани се 54 лица повратници-баратели на азил, од кои 15 мажи, 13 жени и 25 деца и на истите им епружена потребната помош и обезбедена документација; во детската градинка ”Астибо” има инклузирано 35 деца од ромска националност од кои 16 машки и 19 женски деца; во програмата за општинско корисна работа во 2017/2018 година опфатени се 27 мажи и 24 жени.

Општината има изработени документи за социјална, детска и здравствена заштита и тоа: Програма за активностите на Општина Штип од областа на социјалната, здравствената и детската заштита; Локален акциски план за лица со инвалидитет; Локален акциски план за Роми од областа на вработување, домување, образование, здравство и жена Ромка.

### 1.4. Јавни претпријатија

• ЈП „Исар”- Јавно претпријатие за комунално-производни и услужни работи

•ЈП „Стипион 2011” Јавно претпријатие за урбанизам, уредување на градежно земјиште

# 2. ОПШТЕСТВЕНИ ПОКАЗАТЕЛИ

## 2.1 Локална даночна политика

Во согласност со генералниот процес на децентрализација во Република Северна Македонија, една од клучните димензии е и фискалната децентрализација, т.е. фискална автономија во надлежноста на локалните самоуправи. Освен трансферите од буџетот на централната влада, кои секако следуваат во согласност со Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (ЕЛС), други закони и постоечка регулатива им овозможуваат на ЕЛС финансиска автономија и во одредувањето на висината на следниве даноци и давачки на локално ниво:

• Даноци на недвижен имот, поклон и наследство (Закон за даноци на имот)

• Комунални такси за приклучување и користење на сите видови на комуналната инфраструктура (Закон за комуналните такси), и

• Административни такси (Закон за измени на законот за административни такси).

Висината на овие локално дефинирани даноци и давачки, како и ефикасноста во нивното дефинирање и издавање дозволи и документација за старт на нови бизниси, како и проширување на дејноста или обемот на постоечките бизниси (фирми) се еден од клучните фактори на локалниот бизнис амбиент во секој локален територијалитет. Данокот на недвижени имот изнесува 3%.

## 2.2 Јавни установи

Јавни установи кои функционираат во Општина Штип се:

• Фонд за здравствено осигурување – ПС Штип

• Фонд за пензиско осигурување - ПС Штип

• Централен регистар на Република Северна Македонија

• Управа за јавни приходи Штип

• Државен санитарен и здравствен инспекторат - Подрачно одделение Штип (Агенција за храна и санитарна инспекција)

• Агенција за вработување на Република Северна Македонија - Центар за вработување – Штип

• Основно јавно обвинителство –Штип

• Апелационен суд - Штип

• Основен суд – Штип

• Агенција за катастер на недвижности на Република Северна Македонија

• ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Штип

• ЈУ Македонски телекомуникации - подрачна единица Штип

• ЈУ Центар за јавно здравје Штип

• Министерство за финасии - подружница Штип

• Министерство за правда– подружница Штип

• Министерство за внатрешни работи– подрачна единица Штип

• Државен просветен инспектор

• Биро за образование

## 2.3 Водоснабдување и канализација

### 2.3.1 Водовод

Градот Штип се снабдува со вода за пиење од подземните води на р.Брегалница.

Бунарските системи се лоцирани од двете страни на р.Брегалница во три локалитети: Фортуна, Штипско езеро и АРСМ.

Постојат директни хидраулични врски меѓу река Брегалница и водоносниот хоризонт, односно хранењето на подземните води е во директна зависнот од хидролошката состојба на реката. Приливот на вода во бунарите нема стационарен карактер од причина што времето се јавува како променлив фактор, односно постојат нестационарни услови на филтрација. Од овие причини издашноста на бунарите е различна и варира.

| Локалитет | Број на бунари |
|---|---|
| Фортуна | 16 |
| Штипско езеро | 18 |
| АРСМ | 05 |

Локалитетот Фортуна е пропратен со мрежен придружен пиезометар со пет пиезомери и со два мерачи на проток кои ги евидентираат зафатените количини на сирова вода. Локалитетите Штипско Езеро и АРСМ се мегусебно поврзани, односно сировата вода од локалитетот АРСМ оди во собирен бунар Рејни 1 во локалитетот Штипско езеро. Системот е придружен со четири пиезомери.

Дистрибуцијата на сировата вода се врши преку два независни транзитни цевководи, до препумпната станица “Баби”. Челичен цевковод Ф600мм од локалитетот Штипско езеро до ПС “Баби”. ПЕ и ПВЦ цевковод од 315мм од локалитет Фортуна до ПС “Баби”.

Од Препумпна станица “Баби” сировата водата се транспортира до фабриката за пречистување на вода (ФПВ), која се наоѓа околу 3000 м североисточно од градот, на висина од 381 мнв. Транспортот е преку два независни потисни цевководи еден АЦ и еден ПЕ од 500мм.

Прочистувањето на водата се извршува во Филтер станица.

Дистрибуцијата на чистата вода од Фабриката за пречистување на вода е преку три главни водоводни линии и тоа:

- Линија за ниска зона

Цевковод од ПС “Баби” до резервоар Каракуш АСС ф 350 мм, оваа линија истовремено врши водоснабдување на населбите Сењак и Дузлак.

Цевковод од ПС Баби до индустриска зона и централно градско подрачје АСС Ф400 мм , линијата поминува низ ниска зона во нас. 8ми Ноември и еден крак се двои кон Индустриска зона до населба Три Чешми, а другиот крак оди кон централното градско подрачје десна страна на град Штип и завршува во Ново Село, од оваа линија се водоснабдува и населбата Баби.

- Магистрална Линија 1

Транзитна линија која ги поврзува фабриката за пречистување на вода со резервоарите Каракуш и Шардаван баши во должина од 4.900м изведена од ПЕ. Од оваа

линија се водоснабдуваат: населба Блок 70, населба Блок 77, улица Радански Пат, населба Блок 85 и десна страна на град Штип.

- Магистрална Линија 2

Магистрална линија 2 е линија која ги поврзува ПС “Баби” и Технолошко Индустриската Развојна Зона Штип.

Процентот на покриеност изнесува 95%.

Отсуствува поделба на дистрибутивниот систем на повеќе зони на потрошувачка. Транспортот до високите зони на градот се врши преку препумпни станици и сервисни резервоари.

- Дистрибутивни препумпни станици (Баби, Фортуна, Блок 70, Блок 77, Борко Талев)
- Системот има осум сервисни резервоари за складирање на водата (заедно со резервоарот на прочистителната станица) и тоа:

1. Шардаван Баши – капацитет 900м³, резервоар за чиста вода 362,00 мнв – кота на дно;
2. Каракуш – капацитет 1 200 м³, резервоар за чиста вода 362,00 мнв во моментов не е во употреба – кота на дно;
3. Блок 85/91 капацитет 150 м³ + 400 м³ резервоар за чиста вода 394,40 мнв – кота на дно;
4. Черења - капацитет 400 м³, резервоар за чиста вода 417,80 мнв – кота на дно .
5. Борко Талев – капацитет 150 м³, резервоар за чиста вода 405,00 мнв.
6. Исар – капацитет 1 200 м³, резервоар за чиста вода 342,00 мнв (не е во употреба)
7. Баби – капацитет 600 м³, резервоар за чиста вода 320,00 мнв (не е во употреба)

Должина на водоводната мрежа:

| година | Должина на водоводна мрежа (м´) |
|---|---|
| 2014 | 84500 |
| 2015 | 87400 |
| 2016 | 89400 |
| 2017 | 93200 |
| 2018 | 113820 |

Водоснабдувањето во град Штип е континуирано без застој во текот на цела година, 365 денови во годината.

Ограничени прекини во водоснабдувањето во поедини делови на градот се јавуваат како резултат на дефекти. Квалитетот на водата за пиење е во согласност со националните стандарди, бројот на земени примероци за анализа во текот на 2018 е 376 мостри, утврден според Правилникот за безбедност на водата за пиење и извршени се вкупно 3192 мерења на резидуален хлор.

### 2.3.2 Канализација

Канализациониот систем на град Штип се состои од канализациона мрежа и колекторски систем.

На канализациониот систем се приклучени град Штип, Три Чешми и населбите Брегалничка, Балканска, Чардаклија и Караорман.

Во населбите Чардаклија и Балканска изведени се канализацини мрежи и заеднички колекторски систем кој не е приклучен на главниот колектор.

Канализационата мрежа е изградена од различни материјали:

- Керамички - 21%
- Пластични - PVC материјали - 23%
- Армирано бетонски - 24%
- Азбест цементни АСС - 32%

Колекторскиот систем кој се состои од еден главен колектор "$K_1$" кој почнува во населбата "Три Чешми" и преку нас. "Македонка" и централното градско подрачје покрај левата и десната страна на р. Брегалница завршува во месноста викана "Калимерово" т. е пред мостот на магистралниот пат Велес – Струмица, колектор "$K_1$" ги прифаќа сите отпадни води од град Штип.

Одведувањето на отпадните и фекалните води од индустрискиот дел од градот Штип е решено со зафаќање на истите во колекторите "$K^{5л}$" и "$K^{5д}$" со вкупна должина на цевководите од 3.100 м

За прифаќање на отпадните и фекалните води од централното градско подрачје во колекторскиот систем, во коритото на река Отиња од левата и десната страна покрај кејските ѕидови се изградени главните колектори "К3" и "К4" со вкупна должина од 4 100 м, истите служат и ги одведуваат водите од постојните канализациони линии од улиците:

"Ген. Михајло Апостолски" и "Маршал Тито " како главни собирни линии за фекална канализација на овој дел.

Отпадните води директно се испуштаат во река Брегалница. Затоа со урбанистичката планска документација од 1984 год. е предвидена локација за изградба на Прочистителна станица за прочистување на урбаните отпадни води во месноста викана "Калимерово" на десната страна од р. Брегалница.

### 2.4 Енергетика

Снабдувањето со електрична енергија на Општина Штип, се врши од електроенергетскиот систем на Република Северна Македонија. На територијата на општината не постојат други енергетски извори, што значи дека во енергетска смисла, општината се јавува како конзумно подрачје.

### 2.5 Телекомуникации

Во рамките на системот на АД Македонски Телекомуникации на РСМ, како национален фиксен телефонски оператор, функционира и мрежната група Штип, со која е опфатена целата територија на општината. Фиксната телефонска мрежа во општината е најразвиена во градот Штип, која се карактеризира со средна развиеност и изнесува 27,66 телефонски приклучоци на 100 жители.

### 2.6 Банки и други финансиски услуги

Во Општина Штип постојат експозитури на повеќе Финансиски институции и банки, кои вршат финансиски услуги за потребите на правните и физички лица кои кредитираат правни лица, пред се од секторот на мали и средни претпријатија (МСП). Во принцип во регионот на Штип се присутни речиси сите кредитни линии расположиви за финансирање на приватниот сектор во Општините Штип и Карбинци и Источниот Плански Регион. Од осигурителните компании, со свое седиште се присутни „КЈУБИ” Македонија, Албсиг, Винер осигурување, Евроинс осигурување, Еуролинк, Инсиг, Осигурителна полиса, Сава Осигурување, Триглав осигурување и Уника осигурување.

### 2.7 Здруженија на граѓани

Вклучувањето на граѓаните во процесите на донесување на одлуки е тесно поврзано со децентрализацијата. Успешната децентрализација бара високо ниво на учество на локалната заедница во овие процеси. Локалните власти кои се ориентирани кон ефективна комуникација со граѓаните, се во позиција да им служат на граѓаните и да се фокусираат на

реалните приоритети и со тоа ефективно да ги користат општинските буџети. Поради тоа, комуникацијата помеѓу граѓаните и општинските власти мора да се одвива преку институционални механизми што можат да бидат прилагодени и подобрени. За граѓаните ова претставува можност да се вклучат и да влијаат на проблемите што имаат директен ефект врз секојдневниот живот, а за властите можност за зголемување на поддршката за нивните идеи и пронаоѓање на нови, иновативни начини за решавање на проблемите.

Во Штип постојат петнаесетина активни граѓански организации кои работат на унапредување на животот на граѓаните. Општина Штип во својата евиденција ги има следниве: Фондација за развој на локалната заедница Штип, Едукативно-хуманитарна организација ЕХО Штип, Здружение на мултиетничко општество за човекови права Штип, Здружение на граѓани без работа ”Светла визија” - Штип, Здружение за хуманитарни активности “Синергија” - Штип, Еколошко друштво “Виножито” - Штип, Друштво за достоинство на хендикепираните лица ”Надеж”- Штип, Граѓански информативен центар ”Спектар” - Штип, Здружение “Маркетинг -Менаџмент” - Штип, Здружение на Ромите “Черења” - Штип, Македонски Егеј -Штип, Фондација за информатичка технологија и локален економски развој ”ЛЕР ИТ” - Штип, Младински Клуб - Штип, Младинска Организација ВОДА плус – Штип, Здружение на земјоделски производители и претприемачи (ЗЗПП) ,,Агровизија”- Штип и Карбинци, Организација на потрошувачите на Штип, ”МЕДИА Плус” - Штип, „Сплотени срца“ - Штип, Здружение на слепи лица, Организација на жени  и др.

# 3.ЕКОНОМИЈА И БИЗНИС

## 3.1 Економија

Споредбата на основните економски показатели на Штип во однос на националната економија (Република Северна Македонија) и регионот во кој се наоѓа, е од суштинско значење за квалитативно согледување на состојбата на локалниот економски развој, во однос на поширокиот економски контекст. Источниот регион, според условната поделба на региони на Државниот Завод за Статистика, во однос на неколку важни економски показатели (БДП по жител во $САД, и просечна стапка на раст на БДП според методата на куповна моќ) е на петто до шесто место, од вкупно осум региони.

Табела 3.1 Структура на деловни субјекти според Националната класификација на дејности и бројот на вработени е следнава:

| Дејности | Субјекти | | Вработени | |
|---|---|---|---|---|
| | број | % во сума | број | % во сума |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 1.Текстил | 107 | 7,2 | 8.937 | 46,9 |
| -конфекции | 96 | 6,4 | 6.540 | 34,3 |
| 2.Обувки | 9 | 0,6 | 938 | 4,9 |
| -Баргала | 1 | 0,1 | 868 | 4,6 |
| 3.Винарии | 5 | 0,3 | 160 | 0,8 |
| 4.Трговија | 645 | 43,1 | 2.968 | 15,6 |
| 5.Здравство (приватно) | 74 | 4,9 | 249 | 1,3 |
| -општа пракса | 21 | 1,4 | 93 | 0,5 |
| -специјална пракса | 15 | 1,0 | 58 | 0,3 |
| -стоматолози | 38 | 2,5 | 98 | 0,5 |
| 6.Сумарно групата-трговија | 840 | 56,1 | 13.252 | 69,5 |
| 7.Сумарно Стопанство | 1.497 | 100,0 | 19.075 | 100,0 |
| 8. други (7-8) | 657 | 43,9 | 5.823 | 30,5 |

## 3.2 Структура и број на (не)вработени

Центарот за вработување Штип согласно Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност води евиденција на:

- Невработени лица и други лица кои бараат работа
- Регистрирани пријави на работни односи

- Соработка со работодавачи – Центарот за вработување Штип продолжува и понатаму во зајакнување на соработката со работодавачи преку разни форми на информирање промоција и запознавање на работодавачите со мерките, програмите и услугите кои се пружаат како и зголемување на вклученоста на работодавачите во активните мерки и услуги на располагање преку разни форуми, саеми, средби и континуирано известување за нашите активности.

- Паричен надоместок врз основа на невработеност (од година на година се на ПН, материјално обезбедување по основ на невработеност, престанок на р.о. од определено, технолошки вишок, стечај).

Според податоците заклучно со 31.10.2018 година од Агенцијата за вработување на РСМ - Центар за вработување - Штип, во општина Штип невработени се 2.121, лице од кои 1.008, се жени. Од вкупната бројка на невработени, 922 се без образование или со основно образование, 258 со непотполно средно образование, 549 со завршено средно образование, 77 со више образобание, 286 со високо, 26 магистри и 3 доктори на науки.

Бројот на невработени лица според возрасната структура е следен: 313 се на возраст од 15-29 години, од кои 181 се жени, и 1253 невработени на возраст од 50 и повеќе, од кои 559 се жени.[5]

## 3.3 Индустрија

Носечки индустриски сектори во регионот се:

- Текстилната конфекциска индустрија
- Кожарската индустрија -обувките
- Винариите
- Трговија
- Здравство

### - Текстилна индустрија

Носител на индустријата и воопшто економскиот живот во општината, скоро од седумдесетеите години е текстилната индустрија. Во 107 друштва, од кои 96 се конфекции, вработени се 8.937 лица (46,9% од вкупно вработените во општината), а само во конфекциските текстилни друштва вработени се 6.540 лица, односно 34,3 % од вкупниот број на вработени во стопанството.

[5] http://avrm.gov.mk/nevrabotenost.nspx

- **Кожарска индустрија - обувки**

Производството на обувки се врши во девет друштва со 938 вработени. Овде носител е Брагала со 868 лица, односно 4,6 % од вкупно вработените во стопанството.

- **Трговија**

Трговијата на големо и мало постојано е втората стопанска област во економијата на Општина Штип (по преработувачката индустрија). Се остварува од 645 друштва (43,1%, од вкупниот број на друштва), а вработуваат 2.968 лица или 15,6% од вкупниот број на вработени.

- **Здравство**

Во приватното здравство постојат 74 друштва каде се вработени 249 медицински лица. Стоматологијата е присутна во 38 ординации со 98 вработени- стручни лица од оваа област на медицината.

- **Други дејности**

Во другите дејности, значајно е учеството (по број вработени и финансиски резултати) на метало-преработувачките друштва, градежништвото, транспортните друштва, угостителските, интелектуалните услуги, адвокати, сметководители, архитекти и др.

### 3.4. Образовен систем

На подрачјето на Општина Штип подрачната единица на Министерство за образование и наука на РСМ е надлежна за основното и средно образование. Во склоп на Министерството, работи и државен инспектор за образование, со седиште во Штип. Според генералниот процес на децентрализација во РСМ, и конкретно според Законот за локална самоуправа, од 2005 год., надлежноста за организирање на образованието и предшколското згрижување на децата е дел од ингеренциите на локалната самоуправа.

- **Предучилишно воспитание**

На подрачјето на Општина Штип функционираат 2 детски градинки и тоа: ЈУДОДГ „Вера Циривири Трена“- Штип со 4-те клонови “Другарче”, “Развигорче”, “Росица” и “Пчелка” и ОЈУДГ„Астибо“ – Штип со 4-те клонови “Бамби”, “Сончогледи”, “Астибо”, “Цветови”.

Основна дејност на градинките е згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст - престој, нега, исхрана, воспитно-образовни, спортско рекреативни, културно-забавни активности, мерки и активности за подобрување и зачувување на здравјето и за поттикнување на интелектуалниот, емоционалниот, физичкиот, менталниот и социјалниот развој на детето до шест години живот, односно до вклучување во основното образование.

Во учебната 2017/2018 запишани се 731 деца, и бројот опаѓа за разлика од 2016/2017 кога се запишани 788.

- Основно образование

Во Општина Штип има пет основни општински училишта: ООУ„Ванчо Прке" со подрачно училиште во населба Ново Село, с. Лакавица и с. Селце, како и посебни паралелки во склоп на самото училиште; ООУ„Гоце Делчев" со подрачни единици во населба Три Чешми и с. Шашаварлија; ООУ„Тошо Арсов" со подрачни училишта во урбана заедница Чардаклија и Македонка, како и во с. Почивало; ООУ„Димитар Влахов" и ООУ „Славејко Арсов".

Во учебната 2018/2019 има запишано 4013 ученици, распоредени во 207 паралелки во општинските и подрачните училишта.

- Средно образование

Во Општина Штип има 4 општински средни училишта и две државни средни училишта.

Државен музички училишен центар „ Сергеј Михајлов"- Штип.

Во учебната 2018/2019 има запишано 151 ученици, во учебната 2017/2018 има запишано 155 ученици.

Во ова училиште се образуваат музичар теоретичар и музичар изведувач. Има 110 вработени од кои 99 наставници.

СОУ „Коле Нехтенин" – Штип, средно стручно образование.

Во ова училиште се образуваат следните профили: ЕЛЕКТРОТЕХНИЧКА СТРУКА (електротехничар-енергетичар, електротехничар за електроника и телекомуникации, и електротехничар за компјутерска техника и автоматика); МАШИНСКА СТРУКА (техничар за компјутерско управување/машински техничар; автотехничар-мехатроничар, машинско /

енергетски техничар; машински механичар / конструкциски механичар) и УГОСТИТЕЛСКА-ТУРИСТИЧКА СТРУКА (келнер / готвач)

Во учебната 2018/2019 има запишано 711 ученици во 30 паралелки.Има 89 вработени од кои 59 наставници.

СОУ „Димитар Мирасчиев“- Штип

Дејноста која ја обавува ова училиште е воспитно-образовна од текстилно-кожарска струка и тоа Конфекциски компјутерски оператор и Конфекциски техничар.

Во учебната 2018/2019 има запишано 73 ученици распределени во 9 паралелки. Има 37 вработени од кои 21 наставници.

СОУ „Јане Сандански“- Штип

Во училиштето се образуваат следните профили: медицинска сестра, забен техничар, фармацевтско лабораториски техничар и физиотерапевтски техничар.

Во учебната 2018/2019 има запишано 852 ученици распределени во 28 паралелки. Има 72 вработени од кои 58 наставници.

СОУ Гимназија „Славчо Стојменски“- Штип

Во гимназијата се образуваат профили од општествено - хуманистичко подрачје и природно математичко подрачје.

Во учебната 2018/2019 има запишано 564 ученици распределени во 27 паралелки, во учебната 2017/2018 има запишано 594 ученици распределени во 27 паралелки. Има 56 вработени од кои 43 наставници.

Државно средно училиште за образование и рехабилитација ,,Искра”-Штип.

Средното стручно училиште за ученици со посебни образовни потреби (интелектуална попреченост) ги има следните профили: машинска струка-помошник бравар-лимар, графичка струка-помошник книгоповрзувач-картонажер, текстилна струка-помошник конфекционер и земјоделско-ветеринарна струка; помошник во растително производство.

Во учебната 2018/2019 има запишано 63 ученици, во учебната 2017/2018 има запишано 66 ученици. Има 41 вработени од кои 26 наставници.

- Високо образование

Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип е основан од страна на Собранието на Република Северна Македонија на 27 март 2007 година со Закон за основање на Државен универзитет „Гоце Делчев" - Штип („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.40/07), како резултат на идејата за основање на Универзитет во Штип, која е стара повеќе од 30 години.

УГД денес располага со **13 факултети** и **една висока школа**. Штип располага и со студентски дом и интернат за средношколци.

Покрај овие единици, во состав на Универзитетот се организирани и катедри, оддели, институти, центри, лаборатории, библиотеки и други внатрешни организациони единици: Геомагнетна опсерваторија, Универзитетски културен центар, Универзитетски спортски центар, Центар за односи со јавноста, Центар за доживотно учење, Центар за електронско учење, Центар за обезбедување на квалитет, Центар за меѓууниверзитетска соработка, Центар за кариера и развој, ИТ – центар, Информативно-технолошки центар, Универзитетска библиотека, Институт за историја и археологија, Институт за гастрономија, исхрана и диететика, Институт за информатика, Институт за јазици. Универзитетот во Штип е организиран како најголемиот број европски универзитети.

### 3.5 Здравствен систем

Медицинскиот центар во Штип е фомиран во 1964 година и до денес прерасна во регионален центар за источна Северна Македонија. Во областа на јавниот сектор, центарот располага со еден здравствен дом, болница и повеќе аптеки.

**ЈЗУ Здравствен дом „д-р Панче Караѓозов" Штип** на подрачјето на општина Штип и општина Карбинци обезбедува:

- Итна медицинска помош и домашно лекување;
- Превентивна здравствена заштита за предучилишни и училишни деца;
- Поливалентна патронажа;
- Стоматолошка заштита на деца до 14 годишна возраст;
- Примарна здравствена заштита во рурални средини;
- Биохемиско лабораториска дејност;
- Рентген дијагностика за заби;
- Откривање и третман на пречки во говорот кај децата и
- Обезбедување со лекови.

За вршење на претходно наведените здравствени дејности во ЈЗУ се организирани:

- Служба за примарна здравствена заштита;
- Служба за итна медицинска помош и домашно лекување;

- Служба за превентивна здравствена заштита за предучилишни и училишни деца и стоматолошка заштита на деца до 14 години.

ЈЗУ Центар за јавно здравје Штип

Во рамки на Центарот за јавно здравје основните дејности се извршуваат преку следните служби:

- Микробиологија со паразитологија
- Епидемиологија
- Хигиена и здравствена екологија
- Социјална медицина
- Хемиска лабораторија

Број на вработени во Центарот по занимање, пол и етничка припадност е даден во следната табела:

| Р. бр | опис | Пол ж | Пол м | Етничка припадност | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Доктори специјалисти | | | | |
| | -микробиолог | 1 | | македонска | 1 |
| | -епидемиолог | 1 | 1 | // | 2 |
| | -санитарна хигиена со екологија | 1 | 1 | // | 2 |
| 2 | Општ доктор ( на специјализација по епидемиологија) | 1 | | // | 1 |
| 3 | Медицински сестри/медицински техничари | 4 | 1 | // | 5 |
| 4 | Лаборанти | 3 | 3 | // | 6 |
| 5 | Санитарен инжењер | | 1 | // | 1 |
| 6 | Специјалист по санитарна хемија | 1 | | // | 1 |
| 7 | Инжењер технолог | 1 | | | |
| 8 | Дипломиран економист магистер по здравствен менаџмент | 1 | | // | 1 |
| 9 | Дипломиран економист овластен сметководител | 1 | | // | 1 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 10 | Медицински статистичар | 1 | 1 | // | 2 |
| 11 | Фактурант/благајник | | 1 | // | 1 |
| 12 | Архивар | 1 | | // | 1 |
| 13 | Општ работник асанатор | | 2 | // | 2 |
| 14 | Мијач на садови | 1 | | // | 1 |
| 15 | Хигиеничар | 2 | | // | 2 |
| | **ВКУПНО** | | **11** | // | **31** |

**ЈЗУ Клиничка болница Штип**

ЈЗУ Клиничка болница Штип располага со следните работни единици:

А) Болничка здравствена дејност

1. Хируршки болести
2. Ортопедски болести
3. Уролошки болести
4. Максиофацијална хирургија
5. Внатрешни болести
6. Анестезија со реанимација
7. Гинекологија и акушерство
8. Детски болести
9. Невролошки болести
10. Психијатриски болести
11. Физикална медицина и рехабилитација
12. Очни болести
13. Уво нос и грло
14. Инфективни болести
15. Кожно венеречни болести
16. Болничка аптека

Б) Специјалистичко-консултативна дејност

1. Рентген дијагностика
2. Дијагностичка биохемиска лабораторија
3. Патолошка анатомија
4. Онкологија

В) Административно технички персонал

1. Служба за општи правни кадровски работи
2. Служба за економски-книговедствени, финансиски работи
3. Технички работи.

ЈЗУ Клиничка болница Штип располага со една (1) аптека, 404 места сместувачки капацитети, а нуди болничко здравствени услуги и специјалистичко-консултативни услуги.

Во следната табела се дадени бројот, профилот, полот и етничката припадност на вработените во ЈЗУ Клиничка болница Штип за 2018 година:

| Работно место | Македонци | | Турци | | Срби | | Хрвати | | Власи | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Мажи | Жени | Мажи | Жени | Мажи | Жени | Мажи | Жени | Мажи | Жени |
| Доктори на Медицина | | 1 | | | | | | | | |
| Доктори специјалисти | 29 | 48 | | | 1 | 1 | 1 | | 3 | 1 |
| Доктори на специјализација | 15 | 22 | | | | | | | 1 | 2 |
| Доктори на стомат.спец. | 1 | | | | | | | | | |
| Фармацевти спец. | | 1 | | | | | | | | |
| Дипл.фармацевт | | 1 | | | | | | | | 1 |
| Медицински сестри | 23 | 114 | 1 | 2 | | | | | | 6 |
| Друг персонал | 88 | 88 | | 4 | | | | | 5 | |

| Работно место | Роми | | Бошнаци | | Албанци | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |
| | Мажи | Жени | Мажи | Жени | Мажи | Жени |
| Доктори на Медицина | | | | | | |
| Доктори специјалисти | | | | | | |
| Доктори на специјализација | | | | | | |
| Доктори на | | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **стомат.спец.** | | | | | | |
| **Фармацевти** | | | | | | |
| **Дипл.фармацевт** | | | | | | |
| **Медицински сестри** | | | | 1 | | |
| **Друг персонал** | 3 | 5 | | | | 1 |

### 3.6.Култура

Во Општина Штип егзистираат 3 национални и 2 општински институции на кои основната дејност им е култура и тоа:

- Национални
  НУКЦ „Ацо Шопов“ Штип
  НУ-УБ „Гоце Делчев“
  НУ Завод и Музеј Штип
- Општински
  ОУК „Дом на млади“ Штип
  Општински мултимедијален центар „Киро Глигоров“ Штип

**Националната Установа Центар за култура, ,Ацо Шопов,, - Штип**

НУКЦ „Ацо Шопов“ - Штип е државна Установа од посебен национален интерес, основана од Владата на Република Северна Македонија со одлука за утврдување на мрежа на Националните Установи од областа на културата (Сл. весник бр. 84/2003) како правен следбеник на Народен театар - Штип и Дом на култура ”Ацо Шопов” - Штип. НУЦК, ”Ацо Шопов” - Штип работи со две организациони единици: Организациона единица драмска дејност и Организациона единица – посредување во културата (музичка, ликовна, литературна – издавачка, филмска дејност и аматерски самодејности). Центарот за култура овозможува пред штипската публика да се презентираат националните културни вредности од разните сфери на уметничката дејност што се создаваа во Северна Македонија, како и дел на истакнати театарски, музички и други културно - уметнички ансамбли од Европа, Америка, Азија. Центарот за култура има мошне плодна активност, како резултат на што штипската публика може да види извoредно богати и разновидни културни манифестации од драмската, музичката, ликовната, литературната, филмската и други сфери на културниот живот. Домот на културата е понов објект и има значајно место во културното живеење во градот. Отворен е во 1979 год. и располага со 3.608 $м^2$ корисна површина. Централно место зазема големата сала со капацитет од 615 седишта. Сцената е ротациона, опремена со потребната техника и овозможува данастапуваат многу реномирани драмски,

оперски, балетски и други музичко сценски ансамбли. Домот располага и со мала сала од 100 седишта, наменета за литературни средби, предавања, концерти на сериозна музика (камерен карактер) и сл., потоа изложбен салон ,,Фоаје,,како и други помошни простории што се во функција на основната дејност на Домот. Театарот располага со површина од 1022 $м^2$ корисна површина, со капацитет на сала од 200 седишта, репетициона сала, фоаје, канцеларии, работилница, гардероби и други простории што се во функција на дејноста. Штипскиот театар својата работа ја започнал на почетокот на дваесетите години на минатиот век. Од тогаш па наваму, трансмисијата сега, театарот го врши низ 360-те премиери, низ повеќе од 5.000 репризи, чии носители се над 400 театарски дејци, автори, режисери, актери, сценографи и музички соработници како и низ многубројната публика.

### Национална установа - Универзитетска библиотека „Гоце Делчев", Штип

НУ-У Библиотека „Гоце Делчев", Штип ја развива својата дејност на популаризација на книгата, опфаќање на што поголем број читатели, поттикнување склоности кон литературно творештво, чување на националното богатство, еднаков пристап до податоци, информации и библиотечен материјал до сите групи на граѓани во заедницата заради надградување, едуцирање и развивање во интерес на заедницата.

Во склоп на Библиотеката има 3 катчиња (Катче за деца од предшколска возраст, Американско катче и Француско катче); Библиотеката поседува 25 наслови на ретки примероци на книги.

### НУ Завод и Музеј Штип

Основач на НУ Завод и Музеј Штип е Владата на Република Северна Македонија, со Одлука за утврдување на мрежата на националните установи од областа на културата (Сл Весник на Република Северна Македонија бр. 84/03 и 13/11). НУ Завод и Музеј Штип е правен следбеник на правното лице Завод за заштита на спомениците на културата и Народен Музеј Штип, основана од Општина Штип, со одлука/решение број 0202-5282/1 од 28.12.1978 год, и е непрофитна национална установа од областа на културата со својство на правно лице, запишано во Централниот Регистар на Република Северна Македонија.

Основна дејност на НУ Завод и Музеј Штип е заштита на историски места и градби, како и слични знаменитости за посетители, музејска дејност и галериска дејност. Сите дејности се дејности од национален интерес.

### Културни знаменитости

Ревалоризирани со Решение за значајно културно наследство во Општина Штип:

- Безистен,
- Хуса Медин пашина џамија,
- Споменичка целина на ул. “Гоце Делчев“ бр. 31, 33, 41, 45,
- Објект на ул. “Гоце Делчев“ бр.3,
- Објект на ул. “Гоце Делчев“ бр.7,
- Објект на ул.“Гоце Делчев“ бр.55 и 57,
- Инд. станбена куќа на ул.“Вера Циривири“ бр.15 и
- Еврејски гробишта.

Цркви (Регистрирани со Решение)

- Св.Богородица Штип - Ново Село
- Св. Никола
- Св. Спас
- Св. Архангел Михаил
- Св. Архангел Главатов
- Св. Јован
- Св. Троица

Објекти од исламска архитектура(Регистрирани со Решение)

- Кучук Емир султанов мост
- Саат кула

Археолошки локалитети

- Исар - Штип
- Балабаница - с.Стар Караорман
- Орлови чуки - с.Стар Караорман
- Крушки - с.Стар Караорман

## 3.7 Спорт

Спортски клубови на територијата на Општина Штип има регистрирано 24, од кои 16 добиле котизација од Општина Штип.

Затворени спортски објекти со кои располага Општина Штип:

- Сала на УГД "Јордан Мијалков" дадена од Совет на Општина Штип на користење на УГД
- Училишна спортска сала ООУ „Тошо Арсов"
- Училишна спортска сала ООУ „Димитар Влахов"
- Училишнаспортска сала ООУ „Ванчо Прке"
- Училишна спортска сала ООУ „Гоце Делчев"
- Училишна спортска сала СОУ „Коле Нехтенин"
- Училишна спортска сала СОУ „Јане Сандански
- Улилишна спортска сала СОУ Гиманзија "Славчо Стојменски"

Отворени спортски објекти со кои располага Општина Штип:

- Градски стадион
- Фудбалско игралиште - "Баби"
- Фудбалско игралиште - "Три Чешми"
- Фудбалско игралиште - "Насеље"
- Фудбалско игралиште - "Кежовица"
- Фудбалско игралиште - "Караорман"
- Фудбалско игралиште - "Никола Кљусев"
- Фудбалско игралиште со вештачка трева - "Бело Брдо"
- Повеќенаменско спортско игралиште - "Сењак 3"
- Повеќенаменско спортско игралиште - "Мазги"
- Два двојни тениски терени - "Сењак 3"
- Игралиште за мали спортови - "Џексон"

## Спортски манифестации финансирани од Буџетот на Општина Штип

- Општински, регионални, зонски и државни натпревари во училишен спорт;
- Меморијални турнири (Влатко Петров и Димитар Двојаковски, Марјан Наумов и Борче Димитров, Бранители);
- Традиционални турнири (Турнир за деца со посебни потреби „Кежо", Традиционален турнир во мал фудбал „Водици");

- Државни првенства во борење;
- Државни првенства во џиу џицу;
- Балкански шампионат во одбојка - сала;
- Балкански шампионати одбојка на песок

# V. СТРАТЕШКИ ПЛАН ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ 2019 - 2024

## Стратешки приоритети

Приоритетните области претставуваат идентификувани сектори во кои организирано ќе се насочуваат акции за подобрување на состојбите. Овие приоритети овозможуваат поставување на високи, но сепак остварливи стратешки цели, преку чие реализирање ќе се оди кон постигање на визијата на општината. Дополнително, приоритетните области претставуваат стремежи и амбиции на граѓаните, правните субјекти и општинската администрација за иднината и физиономијата на сите населени места и заедници во општината. Подобрувањето на состојбите во приоритетните области може да се случи единствено со реализација на стратешките цели преку активности и интервенции базирани на партнерство помеѓу сите засегнати страни, како и со фокусирани активности врз основа на ресурсите во општината, надворешните инвестиции и привлекувањето на средства од национални и меѓународни програми и фондови.

Секоја од овие области има еднаква приоритетна важност за општината и нивната редоследна поставеност не значи дека со тоа е направена и нивна приоритизација.

Од анализата на постојните капацитети на општината, по области, произлезе дека лошата или непостоечка инфраструктура е предуслов за развој во сите стратешки области. Јасна е насоката дека без соодветна инфрастуктура нема можност за понатамошен развој. Ова ќе биде соодветно земено предвид од страна на општината при планирањето на конкретните мерки и акции, преточени во акциски планови, како и при планирањето на годишните буџети и тригодишни стратешки планови. Иако издвоена, заедно со приоритетната област инфраструктурата и животна средина, се „провлекува“ низ сите стратешки области. Соодветно, секој од чинителите надлежен за соодветната област ќе ја земе предвид потребата од одржување и изградба на нова инфраструктура.

Во текот на изработката на стратегијата пет области беа посочени како проритетни, и, со остварување на стратешките цели во рамки на секоја од стратешките области ќе се постигне и остварување на мисијата и визијата на Општина Штип.

1. Економија

2. Образование
3. Инфраструктура и животна средина
4. Здравство, социјална и детска заштита
5. Култура

1. <u>Приоритетна област - Економија</u>

Поради виталното значење за општината економијата е издвоена како приоритетна област за интервенција во Општина Штип. При тоа, под областа економија, се вметнаа сите економски и услужни гранки, вклучувајќи го и туризмот и земјоделието. За одржлив развој во општината е потребно да се подобрат условите и да се привлечат инвестиции за отпочнување мали и средни бизниси во насока на намалување на невработеноста. При тоа, беа истакнати проблеми поврзани со нефункционирање на локалната економија: недоволно развиена инфрастуктура; неискористеност на локалните потенцијали и постоечки индустриски капацитети; неискористеност на постојните индустриски зони, голем процент на невработено население; непостоење на доволен број на квалификувана работна сила; голема миграција и сл. Како најголема можност се гледа искористувањето на обновливите извори на енергија, но и поддршката на општината за развој на социјалното и претприемништвото кај жените.

Резултат од постигнатите стратешки цели во економијата ќе биде создадени подобри услови за развој на локалната економија, преку соодветно искористување на човечкиот потенцијал и поддршка на мали претпријатија, со фокус на женското претприемништво.

На туризмот во Општина Штип се гледа како на гранка која треба да придонесе за идниот економски развој на општината. Пред се беше истакната потребата за искористување на природните убавини, со кои општината располага и нивно дополнување со соодветна инфрастуктура. Фокусот на општината треба да биде создавање на инфраструктурни предуслови за воопшто да се размислува за развој на туризам, но и на руралниот туризам, за кој има услови, но нема голем интерес. Во оваа насока потребно е активностите да се фокусираат врз предностите кои Општина Штип ги има, во споредба со другите туристички понуди, пред се искористувањето на термалните води од „Кежовица“.

Како клучни чинители во приоритетната област економија, се утврдени:

- Локалната власт - ЕЛС Штип,

- Министерство за локална самоуправа,
- Биро за регионален развој,
- Агенција за вработување,
- Министерство за економија,
- Министерство за транспорт и врски,
- Министерство за финансии,
- Бизнис секторот и потенцијалните инвеститори,
- Средни училишта,
- Бизнис заедницата,
- Универзитетот “Гоце Делчев“ - Штип
- Центар за развој на Источен плански регион.

### Меѓусекторски прашања

Развојот на локалната економија во општината ќе влијае и на остварувањето на стратешките цели утврдени во областите образование и инфраструктура и животна средина. Ова оттаму што голем дел од акциите кои во рамките на стратешките цели од различните приоритетни области ќе бидат преземени, се комплементарни и се надополнуваат една со друга. Со остварување на стратешките цели во оваа област ќе се намали невработеноста, ќе се постигне намалување на ранливоста на постоечките ранливи групи граѓани: земјоделци, невработени лица, сиромашни семејства и невработени приматели на социјална помош. Со овие мерки ќе се овозможи образование кое ги сервисира потребите на бизнисот за одредени профили. Дел од мерките предвидени во оваа стратешка област имаат влијание и врз туризмот.

Работните групи кои учествуваа во изработка на овој стратешки план се согласија дека малите и средни претпријатија се темелот на локалната економија и една од можностите за задржување на младите во државата. Стратешките цели во рамките на оваа приоритетна област ќе ја подобрат благосостојбата и квалитетот на живеење, ќе отворат нови работни места и ќе имаат позитивен страничен ефект и врз останатите области. Голем дел од мерките во приоритетната област економија зависат од активните мерки за вработување на Владата на РСМ и постои комплементарност помеѓу локалните и централните власти. Потребна е поголема промоција на овие мерки и нивно доближување до потенцијалните корисници.

Како дел од оваа област, искористувањето на обновливите извори на енергија е значајно и за областа заштитата на животната средина.

### СЦ 1 Развој на туризмот

1. Подготовка на локална стратегија за развој на туризмот

2. Отварање на сувенирница
3. Искористување на термални води во функција на бањски туризам
4. Изградба на хотели и соодветна инфраструктуира за поддршка и развој на туризмот.
5. Подобрување на човечкиот потенцијал во угостителските објекти
6. Заштита на традиционални јадења од Штип и штипско
7. Изработка на традиционално мени, кое ќе се служи во објекти кои ќе побараат лиценца за Објект во кој се служи автентичен производ.
8. Изградба на лакавичка етно куќа во с.Долани како дел од туристичката понуда.
9. Изработка на информативен туристички портал на Штип
10. Поставување камери на објекти и локалитети од кои ќе се емитува слика (центар, Безистен, цркви, Завод-музеј, Исар), поддржана со соодветен текст за објектот кој се прикажува.
11. Пуштање во употреба на достапен безжичен интернет на определен отворен простор за потребите на странски туристи.

### СЦ2 Поддршка на претприемништвото

1. Јакнење на соработката (корелација) на училиштата - со пракса во приватниот сектор
2. Зголемена соработка и комуникација со УГД при креирање на атрактивни образовни програми.
3. Поддршка на мали и средни претпријатија преку разни мерки и стимулации, размена и поголема достапност на информации
4. Поддршка за поголемо искористување на ИПА средствата
5. Поддршка на женско препријемништво
6. Поддршка на социјално претприемништво
7. Привлекување надворешни инвестиции
8. Меѓународна соработка за бизнис
9. Стимулирање на извозно ориентираните бизнис субјекти

### СЦ3 Зголемен квалитет на општинските услуги

1. Подигнување на свеста и нивото на услугите од страна на општинските служби
2. Зајакнување на капацитетите за користење на ИПА фондовите
3. Зголемен обем и зајакнат квалитет на услуги од општината кон бизнисите
4. Зголемена ефикасност и ефективност на вработените во општината.
5. Подобрена контрола на економските оператори - добавувачи на услуги за институциите (слаб квалитет на услуги).

## 2. Приоритетна област - Образование

Образованието беше избрано како една од стратешките области, поради неговата голема важност за подобрување на квалитетот на живеење и за намалување на миграцијата. Образованието е основа на секој иден развој, вложувањето во образование секогаш е исплатливо, каде се гради човековиот капитал кој што е основата на економијата. Со инвестиции во образованието во Општина Штип, образованието ќе биде во функција на локалниот економски развој.

Како клучни чинители во приоритетната област образование се утврдени:

- Локалната власт – ЕЛС Штип,
- Министерство за образование и наука,
- Агенцијата за спорт и млади,
- Основните училишта,
- Средните училишта,
- Универзитет „Гоце Делчев“ Штип,
- Министерство за финансии,
- Здруженија на граѓани
- Деловната заедница и
- Донатори.

## Меѓусекторски прашања

Развојот и подобрувањето на образованието и воспитанието во општината ќе влијаат на остварувањето на стратешките цели во сите приоритетни области. Подобрувањето и развојот на образованието ќе има влијание на стратешките цели утврдени во приоритетната област економија. Генерално е потребно да се стави образованието во функција на бизнисот, т.е. образованието да продуцира работници кои веднаш можат да бидат апсорбирани од деловниот сектор. Најголема закана е иселувањето на младите, што ја прави реална опасноста од останување на технолошки вишок на наставниот кадар во училиштата. Развојот на образованието е од суштинско значење за обезбедување на квалификувана работна сила и еден од виталните предуслови за обезбедување на цврста основа за економски раст на општината и подобрувањето на благосостојба на граѓаните. Дополнително, преку подобреното образование ќе се влијае и на поодговорен однос кон заштитата на животната средина и управувањето со нејзините ресурси. Исто така, преку мерките преземени во овој сектор ќе се влијае и врз подобрување на ситуацијата со општото здравје на луѓето. Развојот на училишниот спорт е меѓусекторско прашање со здравствената и социјална заштита. Реонизацијата, иако добар модел, не се почитува, а тоа влијае врз квалитеот на образованието. Потребна е поголема

комуникација со Министерството за образование на РСМ, заради дополнување на постојните или воведување на нови образовни програми.

СЦ1 Создавање услови за квалитетно изведување на наставата

1. Усовршување и усогласување на наставните планови и програми
2. Набавка на дидактички материјали
3. Уредување на кабинети за практична настава, прирачни едукативни средства
4. Воведување на нови стручни насоки за средно текстилно училиште
5. Мотивирање на наставниците за вонкурикуларни активности
6. Зајакнување на капацитетите на кариерните центри во средните училишта

СЦ2 Поврзување на потребите на пазарот на трудот со продукцијата на кадар

1. Зголемена соработка со деловниот сектор за стекнување практични вештини
2. Користење на меѓународната соработка и позитивни туѓи искуства
3. Регулирање на кадровски ресурси со работниот ангажман
4. Преквалификација и дообука според потребите на пазарот на трудот
5. Подобрена комуникација со другите сектори (бизнис, Здруженија на граѓани)
6. Поддршка на неформалното образование

СЦ3 Поддршка и развој на спортот во општината

1. Подобрување и збогатување на спортските сали
2. Одржување на спортските сали во училиштата
3. Промоција на спортот во основните и средните училишта
4. Поттикнување и поддршка на рекреативниот спорт
5. Зголемување на должината на рекреативни патеки (трим и велосипедски патеки) и нивна изградба во делови од градот каде нема движење на возила и мопеди.

## 3. Приоритетна  област - Инфраструктура и Животна средина

Причини и чинители

Зачувувањето на животната средина е област со поделени надлежности помеѓу локалната и централната власт. Локалната власт има надлежности да создаде услови и локални капацитети за управувањето со заштитата и унапредувањето на животната

средина[6], додека носењето на политиките и управувањето со процесите за заштита на животната средина кои имаат национално значење се надлежност на централната власт. Во областа на заштитата на животната средина, Општината е должна да ги дефинира, проценува и постави проблемите од областа на животната средина, базирани на ризикот за човековото здравје, екосистемите и квалитетот на животот. Врз основа на ваквата идентификација, анализа и посочувања, Општината има надлежност да развива стратегии и активности за намалување на ризиците по животната средина во Општината. Сепак, поголемиот домен на надлежности и одговорности поврзани со заштитата и управувањето со животната средина се во надлежност на централната власт. Локалните иницијативи за решавањето на проблемите во оваа област, се поврзани и најчесто се поддржани од финансиските можности и приоритетите на централната власт. И покрај ограничените законски можности ЛС може да превзема иницијативи за заштита на животната средина, пред се поврзани со обновливите извори на енергија (пред се ветерот), еколошки акции кои се спроведуваат преку основните и средните училишта и преку активности на Јавното комунално претпријатие. Како и во другите стратешки области, лошата инфраструктура е еден од предусловите за превземање на активни мерки во областа на животната средина. Дополнително, потребни се мерки за зголемување на свеста на граѓаните за зачувување на животната средина. Соработката помеѓу сите чинители, а посебно помеѓу Единиците на локалната самоуправа и Здруженијата на граѓани е клучна во остварување на оваа стратешка цел. Како една од компаративните предности што Општина Штип ја има е геотермалната вода со која располага бањата Кежовица. Потребни се инвестиции за искористување на овој ресурс. Спроведувањето на мерките од оваа стратешка област ќе придонесе Штип да биде чиста и здрава средина, преку зголемување на искористеноста на природните ресурси со кои располага.

Мерките поврзани со инфраструктурата се дел од сите стратешки области, поради важноста на инфраструктурата за остварување на целите. Во оваа стратешка цел се поместени мерки кои се дел и од други стратешки цели. Помеѓу позначајните проблеми детектирани во текот на процесот се несоодветните сообраќајни решенија кои предизвикуваат гужви низ централното градско подрачје, недоволниот број на паркинг места во центарот на градот и лошата поврзаност на Клиничката болница. Исто така, во градот сеуште има неасфалтирани улици и одредени премини кон основните училишта се небезбедни. Во градот, посебно во централното градско подрачје, нема доволно паркови површини и урбана инфраструктура. Одржувањето на градските гробишта е лошо.

---

[6] Закон за животна средина („Службен Весник на Република Северна Македонија“бр. 53/2005, 81/2005 и 24/2007)

Како клучни чинители во приоритетната област животна средина и инфраструктура, се утврдени:

- Министерство за животна средина
- Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
- Министерство за финасии
- Локалната власт
- Министерство за локална самоуправа
- Биро за регионален развој
- Основните училишта
- Средните училишта
- Здруженија на граѓани
- Деловната заедница и потенцијалните инвеститори
- Донатори
- Јавните комунални претпријатија
- Центар за развој на Источен плански регион
- Универзитет „Гоце Делчев“ Штип

Меѓусекторски прашања

Мерките преземени во делот на заштитата на животната средина и инфраструктура и нивно вградување во другите политики ќе обезбедат одржлив развој на различните сектори на ефикасен и економичен начин. Заштитата и одржливото управување со животната средина во општината ќе влијае и на остварувањето на стратешките цели утврдени во останатите приоритетни области, посебно во делот на економијата, инфрастуктурата и здравството. Најголема предност на Општина Штип е можноста за искористување на обновливите извори на енергија, како можност за заштита на животната средина, но и можност за развој на нови бизниси и намалување на трошоците на граѓаните. Затоа е потребно поголемо информирање на потенцијалните инвеститори (домашни и странски) за предностите од искористување на обновливите извори на енергија. Со стратешки решенија за искористување на сончевата енергија и енергијата на ветерот ќе се влијае и на подобрување на енергетската инфраструктура и намалување на опасностите од загадување. Ваквите мерки ќе придонесат во подобрување на здравјето на граѓаните и подобрување на благосостојбата и социо-културниот живот на жителите на општината.

Мерките од областа на инфраструктура имаат влијание на другите стратешки области, како здравство и социјала со подобрување на квалитетот на живот на ранливите категории граѓани и на областа образование, пред се во зголемување на безбедноста на учениците.

СЦ 1 Заштита на водата, почвата воздухот

1. Промена на застарена водоводна мрежа
2. Подобрување на комуналната  хигиена во градот
3. Поврзување со ХС „Злетовица“
4. Изградба на пречистителна станица
5. Изградба на цевковод за наводнување земјоделски површини од испусните води на пречистителната станица
6. Набавка на возила и опрема за ПП заштита
7. Изградба на брана на река Отиња
8. Уредување на коритото на река Брегалница
9. Набавка на соодветна опрема  за времено одлагање на комуналниот отпад и опрема за селектирање на отпад по урбаните заедници
10. Реализација на регионална депонија
11. Зголемување на паркови површини во градот и приградските населби
12. Пошумување на околните ридови со соодветна вегетација
13. Воспоставување систем од мерни станици за мерење квалитет на возух и јавно прикажување на параметрите во реално време
14. Примена на законската регулатива за заштита на животната средина
15. Зголемување на капацитетот на колекторот на река Брегалница согласно потребите
16. Изработка на подземен катастар
17. Обновена и функционална атмосферска канализација
18. Покренување на постапка за еколошко заштитени подрачја
19. Имплементација на ИСО стандарди (ИСО 14001)

СЦ2 Решавање на сообраќајните и урбанистичките проблеми во градот

1. Соодветно сообраќајно решение според проектиран иден раст и развој на градот
2. Набавка на возило-пајак
3. Доделување на тематски градежни парцели
4. Изработка на ДУП во Ромските населби
5. Подобрена комунална инфраструктура
6. Редовно одржување на патната и комунална инфраструктура
7. Зголемување на инвестициите во ЈП за функционална механизација

8. Изградба на CCTV систем за следење на сообраќајот на најкритичните места во градот (булевари, крстосници, влез во училишта)

СЦ3 Создавање на услови за поголема искористеност на обновливите извори на енергија и еколошките енергенси

1. Градење капацитети (човечки) за поголемо искористување на ЕУ фондовите за обновливи извори на енергија и еколошки енергенси
2. Промоција на обновливите извори на енергија и еколошки енергенси
3. Поддршка за користење на обновливите извори и еколошки енергенси
4. Зајакнати капацитети на чинителите преку меѓународна соработка
5. Изградба на гасоводен систем
6. Изградба/ поставување станици за полнење на електрични автомобили

4. Приоритетна област – Здравство, социјална и детска заштита

Причини и чинители

Надлежностите на Единиците на локалната самоуправа во овие две области се мали, но со понатамошната децентрализација истите ќе се зголемуваат. Овие цели и активности можат адекватно да бидат превземени од Здруженија на граѓани и Црвен крст Штип, за што е потребна поголема и поефикасна комуникација помеѓу засегнатите страни. Вклученоста на сите граѓани на општината и овозможувањето на еднакви можности е вредност која општината ја споделува со своите граѓани и соодветно планира мерки за подобрување на состојбата. Овие стратешки цели ќе резултираат со состојба во која Општина Штип соодветно ќе се грижи за сите граѓани. Еден од најголемите детектирани приоритети е немање на доволно капацитет на детските градинки кој што веќе се решава, со изградба на нова детска градинка во населбата „Сењак“. Сепак, потребна е интервенција и проширување на капацитетите и на другите детски градинки.

Невработеноста во Штип се движи во рамки на државниот просек, но општината може да превземе дополнителни активности за да се намали овој број, пред се преку стимулации за одредени групи на граѓани и за одредени занимања. Носител на овие мерки се АВРСМ и ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа - Штип, но потребна е координација на сите засегнати, вклучително и бизнис сектор, за востпоставување на мерки дизајнирани специјално за одредени групи и занимања. Во оваа стретешка област се работи за зголемена вработеност на лица во социјален ризик и за профили на лица кои даваaат услуги на овие лица. Општината може да планира и спроведе активности за

промоција на социјалното претприемништво, и развој на претприемништвото кај одредени категории на граѓани, како жени, млади и Роми.

Меѓусекторски прашања

Развојот и подобрувањето на социјалата, здравствената и детската заштита во општината ќе влијае и на остварувањето на стратешките цели во сите приоритетни области, но најмногу ќе влијаат на стратешките цели утврдени во приоритетната област економија. Подобрувањето на услугите во социјалната политика ќе влијаат на подобрување на квалитетот на живеење, ќе ја намалат миграцијата со што ќе се создаде поголем потенцијал на работна сила, која преку преквалификација или доквалификација може да ја зголеми својата конкурентност на пазарот на трудот. Од друга страна, подобрувањето на услугите во здравствениот сектор ќе влијаат врз областите економија и образование. Подобри здравствени услуги значат и поздрави граѓани и поколенија. Подобрената здравствена состојба на граѓаните ќе создаде продуктивна работна сила и можност за непрекината едукација на младите и на онаа групи на граѓани на кои им е потребна доедукација. На крај, подобреното здравство ќе влијае на заштеди од лекување во централниот буџет, средства кои државата може да ги искористи во локалниот развој. Покрај поголемите инфрастуктурни зафати во стратешката област здравствена и социјална заштита спаѓаат и помали инфраструктурни зафати, како што се изградба на пристапни рампи до сите институции, прилагодување на урбаната инфраструктура за лица со потешкотии во движењето и прилагодување на тротоарите за лица со инвалидитет и за колички за деца. Подобрување на услугите во детската заштита ќе се овозможи поголем опфат на деца во предучилишните установи, нивна социјализација и подготовка за образовниот процес.

Како клучни чинители во приоритетната област социјална, здравствена и детска заштита се утврдени:

- Локалната власт
- Министерство за труд и социјална политика
- Министерство за транспорт и врски
- Министерство за здравство
- Министерство за финансии
- Здравствените установи
- Социјалните установи
- Здружениjа на граѓани
- Црвен крст Штип
- Донатори

- Универзитет „Гоце Делчев“- Штип

СЦ1 Зајакнати човечки и инфраструктурни капацитети за подобрена социјална и здравствена заштита

1. Изградба на нови и реконструкција на постоечките капацитети и зголемување на згрижувачкиот капацитет во градинките
2. Изградба на старечки дом и геријатарски центар за подвижни и неподвижни лица
3. Дневен центар за лица со интелектуална попреченост над 18 годишна возраст
4. Градење капацитети кај лица и институции кои ќе се грижат за состојбата и организацијата на живот кај стари и изнемоштени лица
5. Превземање на мерки за намалување на смртноста кај доенчињата
6. Зголемување на опфатот на имунизација
7. Подобрено управување со ресурсите во социјалната заштита
8. Воспоставување на систем за правилна распределба на средствата за корисниците на социјални бенифиции
9. Зголемување на бројот на здравствените работници во општината
10. Дневен центар за активно стареење
11. Центар за помош и нега во домот
12. Развој на социјални услуги
13. Отварање на кризен центар за жртви на семејно насилство
14. Отварање на советувалиште за насилници на семејно насилство
15. Изработка на елаборат за зголемување на искористеноста на бањата „Кежовица“ по модел на јавно-приватно партнерство и спроведување јавен (меѓународен) повик за проект

СЦ2 Намалување на невработеноста на социјално ранливите групи

1. Промоција на дефицитарни занимања (логопед, специјален едукатор и рехабилитатор, психолог, социјален работник и занаетчии)
2. Програма за задржување на човечкиот потенцијал
3. Програма за вработување на невработените во општината над 50 годишна возраст
4. Мерки за поддршка на лица корисници на Гарантирана минимална помош (ГМП) за нивно вклучување на пазар на труд
5. Поголема информираност за активните мерки за вработување на лица корисници на Гарантирана минимална помош (ГМП)
6. Користење на меѓународни донации и фондови за ставање во функција на бањата Кежовица во здравствен и рекреативен центар
7. Промоција на женско претприемништво

8. Промоција и поддршка на социјалното претприемништво

## 5. Приоритетна област - Култура

### Причини и чинители

Штип е град со можности за развој на културата. Културата е препознаена како област која го зголемува квалитетот на животот, но и како можност за развој на културен туризам и придонес кон одржливиот развој. Во областа култура како проблем е детектирано дека општината не се грижи доволно за одредени манифестации и институции кои постојат долги години, но и не овозможува услови за нови настани кои ќе ја зголемат културната понуда.

Како клучни чинители во приоритетната област култура се утврдени:

- Локалната власт – ЕЛС Штип;
- Министерството за култура;
- Локалните и нацонални културни институции;
- Основните училишта;
- Средните училишта;
- Министерство за финансии;
- Здруженија на граѓани;
- Деловната заедница;
- Донатори.

### Меѓусекторски прашања

Развојот и подобрувањето на културата во општината ќе влијаат и на остварувањето на стратешките цели во сите приоритетни области. Потребна е поголема соработка помеѓу надлежните институции и независната културна сцена и Здружрнија на граѓани, која би резултирала со продолжување на културната традиција и подигнување на квалитетот на понудата. Развојот на културата, исто така ќе влијае на подобрување на квалитетот на живеење, пред се во доменот на социо-културното живеење. Клучно меѓусекторско прашање е културниот туризам, кој е заеднички со стратешката област туризам. Освен со туризмот културниот туризам има допирни точки и со посакуваниот резултат од областа економија – создавање на нови работни места.

### СЦ1 Зголемување на квалитетот на живот на граѓаните преку зголемен квалитет и квантитет на понуда на културни настани

1. Департизација на културните институции
2. Промоција и можност за претставување на творештвото на младите уметници
3. Овозможување на услови за функционирање на градски хор и оркестар
4. Отварање на кино сала
5. Рамномерна распределба на средствата за култура
6. Поттикнување за формирање на детски хор и ликовна колонија
7. Поголема координација за соработка помеѓу културните институции
8. Вклучување на културните работници во институциите
9. Адаптирање и оддржување на културната инфраструктура

### СЦ2 Промоција на културниот туризам

1. Општинска програма за култура заснована на вклученост на сите засегнати страни
2. Поголема промоција на локалната култура
3. Поддршка на културен туризам
4. Долгорочно финансирање на традиционалните културни манифестации (Штипско културно лето (ШКЛ), Макфест)
5. Изработка на соодветна брошура за промоција на неживото културно наследство
6. Вклопување на Штип во специјализирана туристичка понуда за културен туризам со манифестации од сличен караткер и време на одржување со други општини

## Област на делување: Јакнење на капацитетите на ЕЛС Штип за добро управување

Предлагач на стратегијата за економски развој на Општина Штип е Градоначалникот, а Советот ја усвојува, додека следењето и оценката зависи од општинската администрација. Токму администрацијата на терен треба да ги спроведе голем дел од мерките и активностите, да ги подготви и реализира проектите и да го следи нивното спроведување. Исто така, од општинската адмнинистрација зависи и исполнувањето на дел од мисијата на Општина Штип – давањето на квалитетни услуги на граѓаните. Оваа стратешка цел е поврзана со внатрешните капацитети на администрацијата извршување на нивната секојдневна работа.

### СЦ1 Зајакнати капацитети на општинската администрација за давање на ефективни услуги на граѓаните

За да се оствари оваа стратешка цел потребно е да се спроведат следниве акции:

- Учество на обуки (работа со клиенти, лобирање...),
- Воведување на внатрешен систем на следење на работата и подобрување на управувањето со перформанси,
- Зголемена соработка со другите општини заради размена на искуства,
- Зголемена соработка со останатите општествени чинители,
- Јакнење на капацитетите на Комисијата за еднакви можности.

## VI. ДИНАМИКА НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕГИЈАТА

Спроведувањето на Стратегијата за локален економски развој на Општина Штип, се предвидува за периодот од 2019-2024 година, односно динамиката на спроведувањето ќе биде на годишно ниво во овој период. Динамиката ќе биде во согласност со годишните програми за работа на секторите/одделенијата и ЈП кои ќе се изработуваат и кои ќе ги содржат конкретните активности кои произлегуваат од стратешките цели и акции на овој стратешки план. Годишните акциони планови ќе бидат со одредена временска динамика, елементи на потенцијални партнерства, како и предвидени средства и извори на финансирање дефинирани во буџет на секој акционен план. Програмите ќе бидат усвојувани од страна на Советот на Општината.

### Управување и координација на активностите

Предлагач на Стратегијата за локален економски развој на Општина Штип е Градоначалникот, кој ја предлага во предлог верзија до Советот на Општина Штип. Носител на следењето и координацијата на активностите од оваа стратегија, како и носители на имплементација на активностите кои ќе произлезат од стратегијата ќе биде Градоначалникот со раководителите на сектори и одделенија и на ЈП Исар и ЈП Стипион 2011.

Овој документ со стратешко значење, дава можности за вклучување на многубројни субјекти кои ќе ги имплементираат активностите во партнерства или поединечно (локални здруженија на граѓани, локални претставници од бизнис секторот, подрачните единици на министерствата, урбани и месни заедници и други субјекти) кои имаат надлежности во сите сфери кои се од интерес за локалниот и регионалниот развој.

### Следење и евалуација

Општинската администрација (Одделението за Локален економски развој) во соработка со останатите општински служби ќе бидат одговорни за следење и евалуација на имплементацијата на Стратегијата за локален економски развој на Општина Штип. Одделението на ЛЕР ќе изготвува годишни извештаи за постигнатите резултати од имплементацијата на активностите од стратегијата и истите ќе ги доставува до Градоначалникот и Советот на Општината. Извештаите за достигнувањата во претходната година ќе се разгледуваат од страна на Советот во секој прв квартал (јануари – март) во наредната година.

### Финансирање на стратегијата

За имплементација на активностите од овој стратешки документ потребно е предвидување на финансиска и техничка поддршка од страна на Буџетот на Општината, од страна на Буџетите на институциите инволвирани и надлежни за оваа област, но и од надворешно финансирање и донации посебно предвидени со користење на претпристапните фондови на ЕУ за РСМ или некои билатерални договори. Изворите на финансии, предвидени за имплементација на Стратешкиот план, Општината ќе ги обезбедува преку средства предвидени со Буџетот на Општината, кредити и преку издавање на општински обврзници и сл.

Финансирањето и спроведувањето на Стратешкиот План ќе се разгледува еднаш до два пати годишно и ќе се прави преглед на започнати или реализирани остварувања како и тековна подготовка на годишни акциони планови за годишно планирање на финансирање на стратегијата.

## VII. АНЕКС :

### Анекс 1- SWOT Анализа Анализа на 5-те цели на делување (област на интервенција)

SWOT

| Силни страни | Слаби страни |
|---|---|
| **Образование и спорт**<br>Добра основна инфраструктура<br>Постои добар кадар<br>Превозот на ученици (има доволен број на ученици поради организираниот превоз)<br>Општината ја плаќа котизацијата за спортските клубови<br>Постои основна спортска инфраструктура | **Образование и спорт**<br>Слаб капацитет на кариерните центри во средните училишта<br>Проблеми со плаќање на превозот<br>Неуреденост на дел од кабинетите во дел од училиштата<br>Слабо одржување на спортските сали во училиштата<br>Недостаток од одреден профил на кадар<br>Незаинтересираност на ученици за средно текстилно училиште<br>Запишување на факултет со завршен испит<br>Немотивираност на наставниците за вон курикуларни активности<br>Слаба комуникација со другите сектори (бизнис, НВО)<br>Нема доволно средства за спорт |
| **Социјала здравство и детска заштита**<br>Добра соработка помеѓу здравствените институции<br>Зголемување на мерките и програмите за вклучување на социјално ранливите категории<br>Добра здравствена мрежа во општината<br>Функционира општо корисната работа | **Социјала здравство и детска заштита**<br>Возрасни и деца питачи<br>Недостаток на детски градинки<br>Намалување на работната сила<br>Опаѓа опфатот на имунизација<br>Мал број на релевантни истражувања<br>Лошо управување со ресурсите во социјалата<br>Неправилна распределба на средствата за корисниците на социјални бенифиции<br>Слаба информираност за активните мерки за вработување на лица корисници на социјална помош<br>Недостаток на здравствени работници<br>Над 50% од невработените во општината се на возраст над 50 години<br>Нема доволно мерки за поддршка на лица корисници на социјална помош за нивно |

| | |
|---|---|
| **Инфраструктура**<br>Добра кадровска екипираност на ЛС<br>Постои нацрт просторен план на ИПР<br>Обиколница Сењак – Индистриска зона<br>Термални води како потенцијал (Кежовица) | вклучување на пазар на труд<br>Слаба соработка со граѓанскиот сектор што работи во областа<br>**Инфраструктура**<br>Непостоење на улично осветлување во одредени делови на градот<br>Лоша изведба на шахти на секој новоизграден пат во општината<br>Непостоење на подземен катастар<br>Нефункционална атмосферска канализација<br>Слаба ефикасност на инспекциските служби од областа на урбанизамот<br>Непостоење на ДУП во Ромските населби<br>Недоволен број на паркинг места во централното градско подрачје<br>Отежнат пристап до Клиничка болница поради режим на сообраќај<br>Лошо сообраќајно решение кај Кампус 2 (потребен е кружен тек)<br>Лоша поврзаност на клиничка болница – медицинско училиште – Деснаци – Суитлак<br>Неизградена брана на река Отиња<br>Немање на гасоводен систем<br>Нема станици за полнење на електор автомобили<br>Нема катни гаражи<br>Лошо сообраќајно решение на раскрсница кај ООУ “Димитар Влахов” - Штип<br>Нема доволно детски игралишта/паркови во градот<br>Недостаток од нови паркови/зелени површини<br>Неодржување на постојните паркови<br>Недостаток на комунална инфраструктура<br>Градските гробишта не се одржуваат доволно<br>Сеуште има неасфалтирани улици во градот (коцка)<br>**Култура**<br>Нема веб страни на културните институции и настани (културен информатор)<br>Спортот добива предност пред културата<br>Неправилна распределба на средствата за |

| | |
|---|---|
| **Култура**<br>Има традиција на културни настани<br>Има постоечка инфраструктура за култура<br>Постојат голем број на здруженија на граѓани од областа на културата | култура<br>Не постои детски хор<br>Нема ликовна колонија<br>Недостаток на координација за соработка помеѓу културните институции<br>Не се вработуваат стручни лица во културата<br>Постои дисконтинуитет во традицијата, некои настани се прекинати<br>Културната инфраструктура треба да се адаптира |
| **Економија**<br>Слободно достапно комунално уредено градежно земјиште во Индустриска зона и останати општински зони | **Економија**<br>Не постои стратегија за развој на туризмот (локална)<br>Не постои развиена туристичка инфраструктура<br>Не постои сувенирница<br>Слаба контрола на економските оператор – добавувачи на услуги за институциите (слаб квалитет на услуги)<br>Нема поддршка на мали и средни претпријатија<br>Недостаток на стручен кадар (работници) за бизнисите во градот<br>Лоша комуникација со општинските службеници<br>Лоша комуникација со општинските инспектори<br>Недостаток на информации од АВРМ за мерките за бизнисите<br>Нема комуникација со УГД при креирање на образовните програми<br>Бизнисот нема поддршка за користење на ИПА средства<br>Голем број на вработени во општината |
| | **Животна средина**<br>Застарена водоводна мрежа (азбестни цевки)<br>Небезбеден премин од ОУ Тошо Арсов кон населба Автокоманда<br>Недоволна едукација на населението за собирање и фрлање на отпад<br>Непостоење на пречистителна станица<br>Недостаток на возила за смет |

| | |
|---|---|
| Животна средина<br>Подготвена техничка документација за регионална депонија<br>Започната постапка за заштитени подрачја (Натура 2000)<br>Стручен и квалификуван кадар од областа на животната средина<br>Поголем број на села се приклучени на водоводна и канализациона мрежа<br>Постои мерна станица за мерење на квалитет на отпад (УГД)<br>Формиран регионален центар за управување со отпад (ИПР)<br>Постои оддел каде што се селектира и пакува отпад (Пет амбалажа и хартија)<br>Постои план за управување со отпад на регионално ниво | Непостоење на еколошко заштитени подрачја (долна Брегалница, Серта и Плачковица)<br>Недоволна свест за селекција на отпад<br>Недоволна искористеност на обновливи извори на енергија<br>Неуредено корито на река Брегалница<br>Загадување на Брегалница од правни и физички лица<br>Неозеленети големи површини во околината на Штип<br>Мал број на зелени површини во градот<br>Неимплементација на ИСО стандарди (ИСО 14001)<br>Немање на регионална депонија<br>Нема пречистителна станица<br>Слаба хигиена во градот<br>Капацитетот на колекторот на река Брегалница е мал |
| Можности<br>Искористување на програмските активности од Министерство за здравство<br>Добри образовни институции (УГД, медицинско училиште)<br>Меѓународна соработка<br>Подигнување на свеста за одржување на чиста животна средина<br>Изградба на трансфер станица за отпад (Влада на РМ )<br>Искористување на обновливи извори на енергија<br>Користење на ИПА средства<br>Јакнење на соработка помеѓу формален и неформален сектор<br>Искористување на капацитетите на НВО во сите области | Закани<br>Корупција при доделување на средства за култура<br>Корупција при доделувањето на јавна набавка од страна на локалните институции<br>Исчезнување на занаетчиите<br>Одлив на кадар<br>Политичка состојба<br>Менување на менаџерите во образовните институции<br>Помал број на ученици во паралелките |

| | |
|---|---|
| Поддршка за меѓународна соработка<br>Предвиден детален план за градба на спа центар Кежовица<br>Потенцијалите за развој на економијата<br>Можност за користење на обновливи извори на енергија. | |